Д-Р ЈОРДЕ ЈАКИМОВСКИ D-R JORDE JAKIMOVSKI
Д-Р НАУМ МАТИЛОВ D-R NAUM MATILOV

# ПОЛОЖБАТА И УЛОГАТА НА ЖЕНАТА НА СЕЛО

# THE STATUS AND ROLE OF RURAL WOMEN

**Скопје, 2002 година**
**Skopje, 2002**

**Раководител:**
**Д-р Јорде Јакимовски**

**Автори:**
**Д-р Јорде Јакимовски**
**Д-р Наум Матилов**

**Лектура: Симона Груевска-Маџоска**

**Печати:**
**ЦИП -**

С О Д Р Ж И Н А


**ПРЕДГОВОР** 10

**ОПШТИ МЕТОДОЛОШКИ ОСНОВИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** 12

1. Цели на истражувањето 14
2. Предмет на истражувањето 16
3. Методолошки пристап 18

**I. ПОЛОЖБАТА НА ЖЕНАТА НА СЕЛО И НЕЈЗИНАТА УЛОГА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО** 20

**1. Социо-економски карактеристики на женското население на село** 22

1.1. Старосна структура 24
1.2. Вработување на жената 32
1.3. Образовна структура 34

**2. Жената за економската и социјалната состојба на селото** 38

**3. Положбата на жената во домаќинството** 48

3.1. Жената за проблемите во земјоделството 50
3.2. Програми за поддршка на жената земјоделец и производител 50

**4. Ставови на жената за местото на живеење и работа** 62

**II. ПОЛОЖБАТА НА ЖЕНАТА ВО СЕМЕЈСТВОТО НА СЕЛО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** 72

**1. Планирање на семејството** 76
**2. Семејни односи** 90
**3. Семејниот систем на вредности и норми** 118

**ЗАКЛУЧНИ РАЗГЛЕДУВАЊА** 136

# П Р Е Д Г О В О Р

Истражувањето на тема "**Положбата и улогата на жената на село"** е спроведено врз основа на договорот меѓу ГТЗ-Поддршка на модернизацијата на македонското земјоделство и Фондацијата "Фридрих Еберт" - Канцеларија Скопје и со соработници од Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје.

Досегашните истражувања за положбата на жената на село кај нас главно се засноваа на статистичките показатели или пак на парцијални анкетни проучувања. Таквите проучувања, иако недоволни и ретки, даваат одредени податоци од кои можат да се согледаат некои демографски структурни промени на селското население или пак парцијални сознанија за жената на село. Меѓутоа, поради сложеноста на процесите на село и нивното влијание врз положбата на жената некои појави останувале недоволно објаснети.

Основна цел на ова истражување беше научно да се проучи положбата на жената во домаќинството, во земјоделството и во семејството на село.

# ОПШТИ МЕТОДОЛОШКИ ОСНОВИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Несинхронизираноста меѓу индустријализацијата, урбанизацијата, миграцијата и деаграризацијата предизвика значајни промени во структурата на населението и домаќинствата на село, при што се отворени многу прашања за положбата на жената во селските домаќинства. Макро и микро-економската политика и програми, вклучувајќи ја и аграрната политика, не се секогаш креирани така што да го земаат предвид и своето влијание врз жените, особено на оние кои живеат на село.

За разлика од 1948 година кога во селата живееше 72% од населението, денес во нив живее 40% од вкупното население во Република Македонија. Според пописот од 1994 година, 121 селска населба се наполно раселени, односно таму не живее ниту еден жител.

Она што го прави особено тежок проблемот на село е мошне значителното учество на старо и неписмено население.

Неписмените, лицата без образование, како и другите образовни групи, не се еднакво застапени во однос на половата структура. Жените се повеќе застапени во групите: неписмени и со незавршено основно образование, додека мажите се значително застапени во групите со средно, со вишо и со високо образование.

Во системот на задолжителното основно образование во руралните средини децата се вклучени со 88,5% (88,9% машки, 83,0% женски - состојбата е од 1997 година).

Посебен и многу значаен белег на селото
претставува нерамномерниот пораст на економскиот, општественият и културниот стандард во однос на неговиот придонес во вкупното општество. Еден дел од тоа е последица на традиционалната селска изолираност, запоставеност и нискиот стандард на село. Но тоа е и последица од неизграденоста на инфраструктурни објекти, образовни и здравствени институции. Препуштањето на репродукцијата на населението и образованието претежно или исклучиво на можностите на економската сила на домаќинствата, го зголемува јазот меѓу развиените и

неразвиените средини, меѓу селото и градот, меѓу земјоделците и неземјоделците, како и меѓу положбата на жената и мажот.

Стихијното движење во процесот на деаграризацијата доведе до тоа земјоделството сé повеќе да биде препуштено на жената и тоа на стари лица. Имено, жената во индивидуалните земјоделски стопанства сé повеќе е земјоделски производител, и тоа повеќе се однесува за жената од мешовитите домаќинства. Со вработувањето на мажите надвор од индивидуалното стопанство и школувањето на децата, работите на фармата сé повеќе остануваат на жената.

Оттаму произлегуваат и конфликтите коишто ги доживува жената-земјоделец - конфликти меѓу нејзините обврски што произлегуваат од земјоделското производство, од домаќинството и од семејството.

Иако жената сé повеќе е носител на земјоделското производство, таа сé уште недоволно партиципира во земјоделските асоцијации (здруженија, кооперативи). Значи, жените сé уште се потиснати со традиционалните односи и со сопственоста.

Положбата на селските жени како сопруги не ја одредува само економската зависност од мажот. Многу фактори на село влијаат врз положбата на жената, а некои од тие фактори се: семејниот состав на домаќинството, професионалната ориентација на членовите на домаќинството, станбено-комуналните услови на село и слично.

Транзицијата има несразмерно негативно влијание врз платеното вработувањето на жената, а посебно врз селската жена. Жената на село често нема друг избор освен да прифати да работи на работно место на кое му недостасува социјална сигурност, да работи во незаштитено домашно производство или, пак, да биде невработена.

Голем број од руралните жени живеат во сиромаштија и тоа особено жените кои живеат во оддалечени и ридско-планински селски подрачја.

## 1. Цели на истражувањето

Истражувањето "Положбата и улогата на жената на село" треба да даде определени елементи кои можат корисно да послужат за креирање на одделни мерки на аграрната и

руралната политика и да ја утврди поврзаноста меѓу социо-економскиот статус на жената и аспирациите за менување на активноста.

Оттаму и основна цел на ова истражување е изучувањето на економските, социјалните и културните движења на село и нивното влијание врз положбата на жената. Всушност, истражувањето треба да покаже:

- Кои процеси се одвиваат на село, каков е нивниот интензитет и кои се модалитетите на нивното изразување и, посебно, какво е нивното влијание врз социо-економскиот статус на жената на село.
- Да се откријат основните фактори што ја условуваат нејзината положба во процесот на одлучувањето за производството, посебно за воведување на програми во фармерското производство, планирањето на семејството и семејните односи.

Врз база на тоа да се укаже на влијанието на одделните мерки на економската и социјалната политика, како и на правците на општествената акција за натамошна подобра положба на жената во земјоделството и на село.

Покрај тоа, истражувањето што се спроведе за потребите на оваа студија создаде можности и услови за натамошно следење на прашањата непосредно и посредно поврзани со положбата на жената на село и ќе овозможи компаративна анализа со други земји.

## 2. Предмет на истражувањето

Имајќи ги предвид целите на истражувањето, очигледно е дека целокупниот емпириски истражувачки зафат мора да биде комплексен.

Истражувањето, имено, ги опфати процесите и промените што се одвиваат во селото.

Успешното реализирање на поставените цели бара изучување на:

- Селските населби како агломерација во која живее 40% од вкупното население на Република Македони-

ја, од аспект на тенденциите и факторите што имаат влијание врз положбата на жената на село. Во таа смисла, предмет на истражувањето претставува: конфигурацијата на населбите, социо-економските карактеристики и друго.

- Селските домаќинства со основните социо-економски карактеристики и организацијата на селскиот живот.
- Положбата на жената во семејството.

## 3. Методолошки пристап

Со цел подлабински да се навлезе во откривањето на положбата на жената на село, во истражувачкиот зафат беше применета анкета.

Сондажата со помош на анкетен прашалник од 40 прашања беше извршена во ноември 2001 година, а со анкетата беа опфатени 800 жени на село.

Во изборот беше користен случаен примерок по населени места.

Селските населби во Република Македонија беа групирани по надморска височина (конфигурација): рамничарски (до 800 м) и ридско-планински (над 800 м).

Вака избраниот примерок на женската популација на село според критериумот надморска височина ја има следната структура:

**Жена на село на возраст од 20 и повеќе години**

| **Конфигурација** | Број на жени | | % | |
|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Во примерок | Вкупно | Во примерок |
| Рамничарски | 212.351 | 680 | 85,6 | 85,0 |
| Ридско-планински | 35.841 | 120 | 14,4 | 15,0 |
| **Вкупно** | **248.192** | **800** | **100,0** | **100,00** |

Во втората фаза од конституирањето на примерокот се изврши избор на 80 села: 68 во рамничарските и 12 во ридско-планинските подрачја.

Во последната етапа од конституирањето на примерокот се изврши избор на 10 жени од секое претходно избрано село.

# I. ПОЛОЖБАТА НА ЖЕНАТА НА СЕЛО И УЛОГАТА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Во Република Македонија жената на село сé уште е значајна работна сила во земјоделството. Жената на село претставува супституирана работна сила за деаграризираните машки лица, при што таа ги презема работните обврски во земјоделското производство. Поради недоволното општо и стручно образование, жената на село нема алтернатива во однос на земјоделското занимање, односно **активноста** на селската жена во земјоделството е како последица на **општествената и економската нужност,** а не како нејзин **социјален избор.**

Општествената положба на жената на село ја опфаќа нејзината положба во домаќинството, во семејната фарма, во семејството и во останатите примарни групи, како и во јавниот живот на село.

Врз положбата на жената на село во основа влијаат следните процеси:

- индустријализацијата;
- модернизацијата;
- деаграризацијата;
- миграцијата;
- урбанизацијата.

Меѓутоа, врз нејзината положба одредено влијание имаат и: традицијата, сфаќањата за местото и улогата во домаќинството и во селската заедница како агромерација за работа и живеење.

## 1. Социо-економски карактеристики на женското население на село

Индустријализацијата, деаграризацијата и урбанизацијата имаат предизвикано значајни промени во структурата на населението. Активното население од селото и земјоделството поминуваше во урбаните средини, во индустријата и во другите сродни дејности, при што доаѓаше до разорување на традиционалната селска и аграрна структура. Во индустријата сé повеќе се вработуваше машката работна сила при што доаѓаше до нарушување на половата и старосната структура на населението во селските средини.

Едно од значајните социодемографски движења во самото земјоделство претставуваше пренесувањето на товарот на земјоделското работење кое порано го извршуваа машките лица на товар на женската работна сила. Феминизацијата на работната сила во земјоделството претставуваше значајно и актуелно прашање, но со очекување дека во понатамошниот општествено-економски развој ќе дојде до нејзино надминување. Примерите во развиените земји покажуваат дека на повисок степен на развој од земјоделството се сели активната женска работна сила повеќе одошто машката, при што половата структура постепено се подобрува. [1]

---

[1] Во Франција, машката работна сила во активното земјоделско население се зголемува од 64,6% во 1954 год. на 67,1% во 1962 год. N.Gerviasa, C.Servolina i J.Weilla: Une France sans paysans, Editions du seuil, 1965.

**Табела 1: Динамика на процесот на феминизација на работната сила во земјоделството**

| година | Земјоделско население | | | Активно земјоделско население | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно 1 | Женско 2 | % 2 : 1 | Вкупно 3 | Женско 4 | % 4 : 3 |
| 1953 | 818.467 | 412.799 | 50,44 | 372.634 | 127.611 | 34,25 |
| 1961 | 721.550 | 370. 540 | 51,35 | 323.661 | 121.326 | 37,48 |
| 1971 | 657.138 | 329. 933 | 50,21 | 306.975 | 110.577 | 36,02 |
| 1981 | 392.299 | 213. 030 | 54,30 | 215.779 | 104.344 | 48,35 |
| 1994 | 226.498 | 112. 574 | 49,70 | 91.354 | 20.871 | 22,85 |

Извор: Наши пресметувања, Становништво Југославије у послератном периоду, Савезни завод за статистику, Београд, 1966, стр. 111, Население според виталните, етничките, образовните и економските белези, книга II, Завод за статистика на Република Македонија, стр.49.

Бројот на активно машко земјоделско население во периодот 1953-1981 е намален за 55%, а на активното женско земјоделско население за 18%. Меѓутоа, во периодот 1981-1994 година се забележува обратна тенденција - бројот на активното машко население е намален за 37%, а на женското за 80%. Податоците упатуваат на претпоставката дека активната женска работна сила се сели од селото и земјоделството во урбаните средини и во неземјоделските дејности.

### 1.1. Старосна структура

Промените во старосната структура најнепосредно се условени од промените во наталитетот, морталитетот и миграционите движења. Во зависност од начинот на делување на споменатите фактори во определени фази од демографскиот развој на населението се формира старосната структура.

Промените изразени преку старосната структура на селското население според петгодишни старосни интервали го покажуваат демографскиот развој на селото.

**Табела 2: Структурна динамика на селското население според основни старосни групи во период 1961-1994 година**

| **година** | **1961** | **1971** | **1981** | **1994** |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **100,0** | **100,0** | **100,0** | **100,0** |
| 0-19 | 47,6 | 45,3 | 41,10 | 36,0 |
| 20-39 | 28,4 | 27,1 | 28,3 | 30,5 |
| 40-59 | 15,9 | 17,3 | 19,6 | 19,0 |
| 60 и повеќе | 8,0 | 10,0 | 10,8 | 14,2 |
| Непознато | 0,1 | 0,3 | 0,2 | 0,3 |

Извор: Статистички преглед бр.65, бр.126 и книга I од 1994 година,Скопје, Републички завод за Статистика

Старосната група до 20-годишна возраст има тенденции на опаѓање, и тоа, од 47,6% во 1961 година, на 36,0% во 1994 година. Учеството на другите старосни групи (29-39, 40-59 и 60 и повеќе години) се зголемува со различен интензитет. Значително понагласено зголемување се манифестира кај старосната група од 60 и повеќе години. Така селското население во Република Македонија според учеството на старото население се наоѓа на прагот на демографска старост.

Во однос на половата структура на активното земјоделско население треба да се укаже на помалото учество на жените во старосните групи до 29 и 30-39 години, а поголемо на оние од 40 до 50 години во споредба со мажите. Тоа значи дека женската работна сила е релативно постара во земјоделството.

Табела 3: Структура на активно земјоделско население според **староснатa група и полот**

**Состојба во 1994 година**

| | **Вкупно** | **Машко** | **Женско** |
|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **100,0** | **100,0** | **100,0** |
| До 19 | 5,9 | 5,3 | 8,1 |
| 20-29 | 22,0 | 23,2 | 18,1 |
| 30-39 | 21,6 | 22,1 | 19,8 |
| 40-49 | 18,4 | 17,4 | 21,9 |
| 50-59 | 19,1 | 18,9 | 19,8 |
| 60 и повеќе | 12,8 | 13,0 | 12,1 |
| Непознато | 0,2 | 0,1 | 0,2 |

Извор: Попис на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства во Република Македонија, 1994 год. Книга II.

Една од битните карактеристики на стареењето на работната сила во земјоделството е и распоредот на вработените според староста. Расположливите податоци покажуваат определена претстава за промените кои настанале во временскиот интервал од 1971 до 1994 година.

**Табела 4: Динамика на структурата на работниците во земјоделството според старосните групи и полот**

| | 1971 год. | | | 1994 год. | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Женско | Машко | Вкупно | Женско | Машко |
| **Вкупно** | **100,0** | **100,0** | **100,0** | **100,0** | **100,0** | **100,0** |
| До 19 | 19,8 | 27,3 | 15,0 | 5,8 | 8,0 | 5,2 |
| 20-24 | 12,0 | 15,4 | 9,9 | 10,2 | 9,6 | 10,4 |
| 25-34 | 15,8 | 18,4 | 14,1 | 23,1 | 17,5 | 24,7 |
| 35-44 | 16,9 | 17,3 | 16,7 | 20,5 | 22,4 | 20,0 |
| 45-54 | 13,1 | 11,4 | 14,2 | 18,3 | 21,2 | 17,5 |
| 55-64 | 13,2 | 6,9 | 17,3 | 17,0 | 15,6 | 17,4 |
| 65 и повеќе | 0,0 | 3,1 | 12,6 | 4,9 | 5,4 | 4,7 |
| Непознато | 0,2 | 0,2 | 0,2 | 0,2 | 0,2 | 0,1 |

Извор: Попис на население и станови во 1971год., Книга III, и во 1994 година, Книга II, Скопје, Републички завод за статистика

Од податоците се забележува поместување кон постарите старосни групи бидејќи учеството на младите лица во земјоделството до 19 години опаѓа за 14 индексни поени. Старосната структура според полот во двете посматрани години покажува дека во 1971 година жените биле помлади во споредба со мажите. Во 1994 години релативно е пониско учество на жените во однос на мажите што индицира стареење на женската работна сила во земјоделството.

И анализата на структурата на работната сила според полот на семејните фарми покажува дека диференцијализацијата на фармите според поседовната структура бележи значајни промени.

**Табела 5: Учество на женската работна сила на семејните фарми според големината на поседот во Република Македонија**

**Во %**

| Големина на поседот | Година | |
|---|---|---|
| | **1960** | **1981** |
| **Вкупно** | **52,5** | **50,9** |
| До 0,50 ха | 71,8 | 62,1 |
| 0,51- 1,00 ха | 59,8 | 54,0 |
| 1,01- 1,00 ха | 63,4 | 50,9 |
| 2,01- 3,00 ха | 51,1 | 49,2 |
| 3,01- 4,00 ха | 50,3 | 48,2 |
| 4,01- 5,00 ха | 49,7 | 47,9 |
| 5,01- 8,00 ха | 49,0 | 47,1 |
| 8,01- 10,00 ха | 49,2 | 48,0 |
| Преку 10,01 ха | 49,7 | 48,7 |

Извор: Статистички преглед бр.18, 1971 година и интерен материјал, Попис на население, домаќинства и станови, 1981 година

Од дистрибуцијата произлегува дека на приватните семејни фарми имало повеќе женска работна сила во однос на ма-

шка. Имено, во 1960 година женската работна сила учествувала со 52,5%, а во 1981 година со 50,9%. Феминизацијата достигнала најголем степен на фармите со посед до 2 ха (во 1960 година - 58,9%, а во 1981 година - 54,0%).

Посебно е интересен фактот што учеството на женската работна сила на семејните фарми се намалувало, а на машката се зголемувало. Според тоа, може да се констатира дека процесот на феминизацијата во земјоделството (доминација на женската работна сила на семејните фарми) е запрен. Во сите категории на семејни фарми учеството на женската работна сила се намалува, но најинтензивно намалување се забележува кај фармите со помал посед. Така на пример, категориите на фармите до 1 ха бележат намалување на женската работна сила за 7,9 процентни поени.

### 1.2. Вработувањето на жената

Вработувањето е еден од битните аспекти за позицијата на жената во општеството. Преку процесот на вработување жената го реализира аспектот на активниот принцип на еден активен член од општеството.

Според податоците, жената многу малку е вработена во гранките со земјоделско производство, а уште помалку во гранките поврзани со земјоделските услуги. Така во земјоделското производство во вкупниот број учествуваат 27.843 мажи и 7.463 жени, а во гранките поврзани со земјоделските услуги во вкупниот број учествуваат 91.913 мажи и 439 жени. Интересен е исто така и фактот дека од женскиот кадар кој работи во овие работи поголемиот број - 2001 е со средно образование, 1009 се со ниско, а 1055 се неквалификувани жени.

Според ова може да се заклучи дека жената е вработена како аграрен работник во рамките на семејството, но според тоа не се наоѓа како обврзувачко официјализирањето на нејзиниот статус, а исто така, женскиот дел од вработените во оваа сфера на општеството е помалку квалификуван од машкиот работен дел.

Помал број од женското население во руралните средини на Република Македонија е вработено во неаграрните дејности, така што еден помал дел е ангажиран во индустриското произ-

водство, во погони кои работат во рурални средини, а другиот дел е ангажиран во вонстопанските дејности, посебно во образованието и здравството. Еден негативен елемент е фактот дека со процесот на одењето под стечај на многу претпријатија, првите погони кои се затвораат се токму тие кои функционираат во руралните средини. Така што, како и во другите земји во транзиција, веќе сме сведоци на враќањето на жената во домот поради недостаток на простор за вработување. Поради патријархалните концепции губењето на работата од страна на жената не се преживува толку трагично како губењето на работата од страна на мажот, затоа што жената секогаш ќе ја има дежурната неплатена работа околу домаќинството и семејството, што не е случај со мажот.

### 1.3. Образовна структура

Жената на село сé уште ги нема двата основни субјективни предуслова за потполно користење на предностите кои ги дава слободното време:

- Физичката активност од 10 и повеќе часови во текот на денот не остава доволно време таа да може слободно да се посвети на сопствените интереси и поради тоа често оди на пасивно одморање.
- Нивото на образование на селската жена ги намалува можностите за рационално користење на слободното време.

Табела 6: Школска подготовка на женското население старо 15 и повеќе години според пописот од 1994 година

| | Градско | | Селско | |
|---|---|---|---|---|
| | **Број** | **%** | **Број** | **%** |
| **ВКУПНО *** | **450 668** | **100,00** | **281 817** | **100,00** |
| Без школска подготовка | 27 747 | 6,16 | 43 290 | 15,36 |
| Незавршено основно образ. | 73 779 | 16,40 | 87 990 | 31,22 |
| Основно образование | 135 900 | 30,16 | 111 863 | 39,69 |
| Средно образование | 162 840 | 36,13 | 32 591 | 11,59 |
| Вишо и високо образование | 48 617 | 10,79 | 3 597 | 1,28 |
| Непознато | 450 | 0,10 | 665 | 0,23 |

*) Разликите меѓу бројот на вкупното население на возраст од 15 и повеќе години дадени во првиот ред е збирот на лица од пооделни редови со лицата на возраст од 15 и повеќе години кои сé уште посетуваат основно училиште.

Извор: Книга III, Население според виталните, етничките, образовните и економските белези, Завод за статистика на Република Македонија, стр.36.

Од наведените податоци во табелата 6 се гледа дека во Република Македонија секое трето лице на женското селско население постаро од 15 години (31,22%) е со незавршено основно училиште. За одбележување е дека лицата со повисоко образование, почнувајќи од средно па нагоре, значително поретко се застапени на село отколку во градот и, исто така, таквите лица се поретко меѓу жените отколку меѓу мажите.

Нискиот образовен степен на селското население воопшто, а посебно на жената, во значителна мера го отежнува запознавањето на жената со современите текови на науката и техниката, без кои не е можно напредно водење на земјоделството, домаќинството, а уште повеќе современото воспитување на децата.

Во семејствата каде што мажот и жената се стекнати со школска подготовка се среќава наизменичен тип на авторитет. Кај овие семејства со семејниот буџет најчесто раководат мажот

и жената, додека раководењето со семејниот буџет од страна на мажот значително е намален.

Со растењето на степенот на школската подготовка на селското население воопшто, а посебно на жената-мајка, перманентно опаѓа авторитетот на мажот при одлучувањето. Од истражувањата спроведени во Републиката се доаѓа до сознанија дека во селските семејства каде што мажот и жената имаат образование, процентот на одлучување на мажот опаѓа.

Интересно е да се каже дека постојат и објективни фактори (традицијата, населби без кино сали, средства за масовна комуникација и сл.) кои ја намалуваат можноста на селската жена за содржинско користење на слободното време. Меѓутоа, жената на село слободното време често го користи во дополнителна работа (плетење, везење и слично).

И покрај тоа што во селското семејство се присутни остатоци од патријархалните семејни односи според кои жената и мажот ретко го поминуваат слободното време заедно, сепак сé повеќе се чувствува влијание на современите семејни односи така што жената слободното време го поминува заедно со својот маж.

## 2. Жената за економската и социјалната состојба на селото

Во последните дванаесет години стопанскиот и социјалниот развој во Република Македонија остварува негативен тренд и тоа како на глобален план така и во рамките на одделни гранки, а при што посебно внимание заслужува динамиката на порастот на земјоделското производство. На пример, во последните неколку години продолжуваат тешкотиите во процесот на репродукцијата, а остварен е и негативен раст на бруто домашниот производ. Намалени се, исто така, реалните приходи по домаќинство, значително е зголемена невработеноста, со што се зголемува и одењето на нашите млади лица во странство.

Транзицијата доведе до опаѓање на субвенцијата во земјоделството од 1,4% од БДП 1994 год. на 0,4% во 2001 год. Зем-

јоделските домаќинства имаат понизок годишен приход за 15% во однос на неземјоделските, односно за 25% понизок во однос на мешовитите домаќинства.

Сето тоа, како и некои други показатели на кои не се задржуваме, придонесе да се влоши социоекономската состојба во земјоделството и на село. Намален е, имено, животниот стандард на село и ослабена е материјалната и социјалната сигурност на селската популација.

Индивидуалните земјоделски стопанства и другите носители на стопанската активност на село се соочени со сериозни проблеми и тешкотии во остварувањето на своите задачи, развојни програми и планови вклучувајќи се во системот на новите решенија и преориентирајќи се на новиот начин на стопанисување во земјоделството.

Покрај ова, како последица на изнесените осцилации, негативните и посложени услови на стопанисување, реалниот пад на средствата за животниот стандард, личната потрошувачка и општествениот стандард, во истражувањето за состојбата на селото се поставени повеќе прашања со цел да се добијат субјективни ставови за некои аспекти од оваа сложена проблематика.

Едно од прашањата се состоеше во оценката на економската и социјалната состојбата на селото.

**Табела 7. Ставови на жените за економската и социјалната состојба на село во последните 10 год.**

| | се подобрила | се влошила | останала иста | не можат да оценат | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **а) Конфигурации на селото** | | | | | |
| 1. Рамничарски | 9,9 | 52,9 | 33,3 | 3,9 | 100,0 |
| 2. Ридско-планински | 13,6 | 58,2 | 25,5 | 2,7 | 100,0 |
| **б) Возраст** | | | | | |
| 1. Од 18 до 29 год. | 15,0 | 40,2 | 39,5 | 5,5 | 100,0 |
| 2. Од 30 до 39 год. | 9,6 | 54,5 | 32,8 | 3,0 | 100,0 |
| 3. Од 40 до 49 год. | 7,7 | 61,2 | 25,7 | 5,5 | 100,0 |
| 4. Од 50 до 59 год. | 14,4 | 56,8 | 26,7 | 2,1 | 100,0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5. Од 60 и повеќе | 6,8 | 51,4 | 39,0 | 2,7 | 100.0 |
| **в) Образование** | | | | | |
| 1. Неписмени | 6,3 | 40,6 | 50,0 | 3,1 | 100,0 |
| 2. Со незавршено осн. | 6,4 | 55,1 | 36,4 | 2,1 | 100,0 |
| 3.Со основно образов. | 10,0 | 56,1 | 28,6 | 5,2 | 100,0 |
| 4. Со средно | 13,5 | 54,0 | 29,5 | 3,0 | 100,0 |
| 5. Со вишо и високо | 18,6 | 48,8 | 25,6 | 7,0 | 100,0 |
| **г) Вид на домаќинство** | | | | | |
| 1. Чисто домаќинство | 2,6 | 65,1 | 28,3 | 3,9 | 100,0 |
| 2. Мешовито | 10,5 | 51,0 | 34,1 | 4,4 | 100,0 |
| 3. Неземјоделско | 19,5 | 50,4 | 29,3 | 0,8 | 100,0 |
| **д) Месечни парични приходи на домаќинства (**во денари) | | | | | |
| 1. До 6.200 | 9,1 | 64,3 | 23,4 | 3,1 | 100,0 |
| 2. 6201-9 300 | 10,7 | 55,1 | 28,3 | 5,9 | 100,0 |
| 3. 9.301-12.400 | 9,9 | 45,7 | 39,5 | 4,9 | 100,0 |
| 4. 12.401-21.700 | 8,2 | 44,3 | 46,4 | 1,0 | 100,0 |
| 5. 21.701- 31.000 | 28,6 | 28,6 | 42,9 | 0,0 | 100,0 |
| 6. 31.001 и повеќе | 0,0 | 33,3 | 66,7 | 0,0 | 100,0 |
| **ѓ) Работен статус** | | | | | |
| 1. Вработена | 21,1 | 40,0 | 38,5 | 0,0 | 100,0 |
| 2. Чисто земј. произв. | 3,0 | 53,4 | 35,6 | 5,0 | 100,0 |
| 3. Вработена и земј. производител | 14,0 | 54,7 | 26,7 | 4,7 | 100,0 |
| 4. Пензионер | 14,0 | 58,0 | 26,0 | 2,0 | 100,0 |
| 5. Пензионер и емј. производител | 9,7 | 45,2 | 41,9 | 3,2 | 100,0 |
| 6. Домаќинка | 15,8 | 46,6 | 32,9 | 4,8 | 100,0 |
| 7. Домаќинка и земј. производител | 6,8 | 56,2 | 33,9 | 3,2 | 100,0 |
| 8. Студент | 15,8 | 47,4 | 21,2 | 15,8 | 100,0 |
| 9. Невработена | 6,3 | 68,8 | 23,4 | 1,6 | 100,0 |

Добиените резултати, во контекст на општата економска и социјална положба во Република Македонија - недоволно зголемување на продуктивноста на трудот и пад на бруто домашниот производ, намалување на извозот, опаѓање на потрошувачка-

та, проширување на сиромаштијата, економската ситуација на село, жените главно ја оценуваат како "лошена (53,6%).

Со желба подлабоко да се навлезе во изнесените показатели, оценката на состојба на село е дадена според социо-економските карактеристики на испитаниците.

Показателите што се однесуваат за оценката на економско-социјалната состојба на селото во изминатите 10 години според образованието на жените, очигледно упатува на помислата дека таа, иако е субјективен став, значително зависи од степенот на образованието на жената. Со други зборови, со порастот на образовното ниво на селската жена, расте и бројот на испитуваните жени кои економско-социјалната состојба оценуваат дека **"се подобрува"**.

Неписмените жени кои за економско-социјалната состојба на село дале оценка дека **"останала иста"** се претпоставува дека таа е резултат на недоволната заинтересираност, неинформираност и малата партиципација во разните облици на одлучувањето.

Нешто слична тенденција на претходното групирање на одговорите се гледа и кај оценката на економско-социјалната положба на село според видот на домаќинствата на село. Модалитетот **"се влошува"** е натпросечно концентриран кај чисто земјоделските домаќинства (65,1%), а најниско кај неземјоделските домаќинства (50,4%).

Оттаму јасно е, а наедно уште еднаш се потврдува веќе изнесениот став, дека конкретната оценка на економско-социјалната состојба на село во Република Македонија е во непосредна зависност од повеќе фактори од кои еден, секако основен, е оној според кој местото на жената во општеството го предодредува и нејзиниот став кон ова прашање.

Конфигурацијата на селото остварува исто така определено влијание врз определбите на испитаниците, па така на пример, 58,2% од жените во ридско-планинските села се изјасниле за модалитетот дека состојбата на село **"се влошува"**.

Според месечните приходи на домаќинствата се манифестира извесна корелација. Имено, одговорот **"се влошува"** најмногу се сретнува кај домаќинствата со паричен приход до 6.200 денари (64,3%), а поретко кај домаќинствата со парични

приходи од 21.701 денари до 31.000 (28,6%), односно над 31.000 денари (33,3%).

Различната професија на жените на село, односно различниот работен статус, исто така покажува извесно влијание врз ставовите за состојбата на село. Во таа смисла индикативно е што невработената жена (68,8%), пензионерката (58,04%), домаќинката- земјоделски производител (56,2%) и чистиот земјоделски производител (55,4%) се жени кои мислат дека економско-социјалната состојба на село **"се влошува".** Наспроти нив, секоја петта вработена жена **(**21,2%) одговорила дека состојбата на село **"се подобрува".**

Со цел попрецизно, подлабоко и повеќестрано на посреден начин да се утврдат компонентите кои учествуваат во донесувањето на општата оценка кај жените за глобалната состојба на село, а наедно и нивното мислење, се постави прашањето кое се однесува **на основниот (главниот) проблем на село.**

**Табела 8: Општо земено, според ваше мислење, кој е главниот проблем на село?**

| Проблеми | Конфигурација на селото | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Рамничарски | Ридско-планински | |
| Лоша комунална инфраструктура | 21,2 | 36,4 | 23,3 |
| Недоволна здравствена грижа | 8,8 | 9,1 | 8,9 |
| Недостиг на пари | 21,4 | 14,5 | 20,5 |
| Лоши услови за домување | 2,0 | 7,3 | 2,8 |
| Недоволен пристап до образовни, културни и други институции | 5,7 | 2,7 | 5,3 |
| Невработеност | 28,3 | 20,0 | 27,1 |
| Социјална несигурност | 8,4 | 9,1 | 8,5 |
| Недоволна партиципација во власта | 2,8 | 0,9 | 2,5 |
| Насилство (криминал) | 0,6 | 0,0 | 0,5 |
| Нема проблеми | 0,9 | 0,0 | 0,8 |
| **Вкупно** | **100,0** | **100,0** | **100,0** |

Фактот што најголемиот број од испитуваната популација се определила за **„невработеноста"** (27,1%), јасно зборува за актуелноста и тежината на проблемот со кој се соочува Република Македонија.

Навлегувајќи натаму, според конфигурацијата на селото, забележуваме дека главен проблем во ридско-планинските села претставува **"лошата комунална инфраструктура"** (36,4%).

Релативно значајно статистичко отстапување, во смисла на корелација со главниот проблем на село, се забележува од аспект на регионалната припадност. Така, според регионот на кој припаѓаат, **"невработеноста"** е најактуелна во вардарскиот регион (52,5%), додека проблемот **"недостиг на пари"** во југоисточниот регион (28,0%), а "**лошата комунална инфраструктура"** во североисточниот регион (45,0%).

Работниот статус на жената на село остварува исто така одредено влијание врз проблемите на селото. Во таа смисла за вработената жена на село најголем проблем претставува **"лошата инфраструктура"** (36,5%), за жената земјоделски производител **"социјалната несигурност (пензија)"** (18,8%), за вработената жена-земјоделски производител и пензионерката-земјоделски производител - **"недостиг на пари".**

Најчестиот проблем **"невработеноста"** (27,1%) го избираат само невработените жени (48,1%) и домаќинките (31,5%).

### 4. Положбата на жената во домаќинството

Селската жена има две економски функции: **во областа на потрошувачката** и **во областа на производството.** Ова произлегува од природата на селското домаќинство кое истовремено се појавува како производна единица-стопанство (фарма) и како потрошувачка единица-домаќинство. Поради тоа, селската жена извршува функција на **домаќинка** и **функција на земјоделски производител.** Сé уште селската жена ја врши функцијата на домаќинка во отежнати околности: оптоварена со работата во земјоделското производство, без доволно знаење за домаќинството, во неповолни станбено-комунални услови и во неразвиена комунална и општествена инфраструктура, особено во ридско-планинските населби.

### 4.1. Жената за проблемите во земјоделството

Со оглед на економските и социјалните настани во земјоделството, истражувањето покажува дека секоја трета жена на село (34,3%) смета дека најсериозен проблем во земјоделството претставува **"несигурниот пазар на земјоделски производи",** секоја четврта жена (26,8%) се изјаснува за **"финансиските проблеми (недостиг на пари)",** а секоја шеста се определила за проблемот **"голема ангажираност во земјоделското производство"**. Релативно значајни отстапувања во смисла на општата дистрибуција се забележуваат од аспект на работниот статус на жената. Модалитетот **„несигурен пазар на земјоделско производство"** е натпросечно концентриран кај жената "**вработена-земјоделец"** (47,7%) и **"земјоделец"** (45,5%). Од друга страна, оние кои сметаат дека **"недостигот на пари"** е основен проблем во земјоделството се жените **"пензионер-земјоделски производител",** додека социјалната група "**студент"** одговорила дека најзначаен проблем во земјоделството претставува **"големата ангажираност на жената во самото земјоделство"** (47,4%).

Конфигурацијата на селото исто така покажува корелација со одредени ставови за проблемите во земјоделството. Во таа смисла, индикативно е што жените во ридско-планионските села мислат дека **„големата ангажираност на жените во самото земјоделство"** е најсериозен проблем во земјоделството, а од друга страна жените во рамничарските села одговориле дека најсериозен проблем претставува **"несигурниот пазар на земјоделското производство"** (37,1%).

### 3.2. Програми за поддршка на жената-земјоделски производител

Прашањето за поддршка на земјоделското производство несомнено заслужува посебно внимание. Програмите и мерките на аграрната политика за развој на земјоделското производство не можат да бидат индиферентни спрема прашањето: **Кои програми треба да се развиваат за поддршка на жената-земјоделски производител?**

Во контекст на ова прашање интересно е секако мислењето на јавноста (жената на село) за најзначајните мерки-програми што треба да ја поддржат и жените на село. Какво е мислењето на жената на село за поддршката на земјоделските производители се гледа од следните податоци.

Најмногу од испитаниците се изјасниле за програмата **"Финансиска поддршка** (кредити)" (43,4%), но и програмата за обезбедување **"Социјална сигурност** (пензии) " на жената на село не заостанува многу (35,5%).

Ставот за развој на програмите за поддршка на "жената земјоделски производител" покажува значајна статистичка корелација од аспект на регионалното потекло на жената. Најголем број на жени на село кои сметаат дека треба да се развива програмата **"Финансиска поддршка** (кредити)" ги има во вардарскиот регион (60,0%), а за програмата **"Социјална сигурност** (пензија)" најмногу од испитаниците (жени) се изјасниле во пелагонискиот (53,0%), југоисточниот (52,0%), источниот (45,5%) и североисточниот регион (41,3%).

Втор фактор кој условува статистичка корелација со програмите за поддршка на жената-земјоделски производител е степенот на образованието. Имено, неписмените жени и оние со незавршено основно образование во најголема мера се изјаснуваат за програмата **"Социјална сигурност (пензија)"** (40,6 : 42,8%), а жените со основно и средно образование најмногу се определиле за програмата **"Финансиска поддршка (кредити)".**

Работниот статус на жената на село е следниот фактор кој покажува корелација со програмите за поддршка на жената-земјоделски производител. За програмата **"Социјална сигурност"** најмногу се изјасниле жените **"пензионерки"** (62,0%) и жените **"чист земјоделски производител"** (41,6%).

Програмата **"Финансиска поддршка** (кредити)" најзастапена е кај жените **"пензионерки-земјоделски производители"** (61,3%), "**вработени-земјоделски производители"** (53,5%) и "**домаќинки-земјоделски производители"** (48,6%).

Ваквиот став што отстапува од општата дистрибуција на одговорите, покрај другото, може да се објасни со тоа што овие социјални групи во текот на производството многу повеќе се соочуваат со проблеми од финансиска природа, бидејќи социјал-

ното прашање на "пензионирање" го имаат решено преку вработување во друга дејност.

**Потребата од стручна помош,** беше следното прашање кон кое беше фокусирана истражувачката активност. Стручната помош во земјоделското производство жените во најголем број на случаи ја бараат од **"пријателите и роднините"** (31,0%) и од **"земјоделските здруженија"** (20,0%). Дека немаат потреба од стручна помош искажале 21,9% од вкупниот број на анкетирани жени.

Податоците според социо-економските карактеристики на испитаниците укажуваат на тоа дека стручна помош од **"пријателите и роднините"** бараат жените со пониско образование, пензионерките-земјоделски производители и жените - чисти земјоделци. Така, стручна помош од пријателите и роднините барале 38,5% од жените со незавршено основно образование, 41,6% од жените - чисти земјоделски производители и 48,4% од жените пензионерки-земјоделци.

Меѓу оние што одговориле дека стручна помош бараат од **„земјоделски здруженија"** повеќето се со средно образование (25,7%) на возраст од 30-39 години (23,7%), како и жените вработени-земјоделски производители (30,2%) .

Меѓутоа, жените со високо образование во поголемиот број одговориле дека стручна помош барале од Агенцијата за унапредување и развој на земјоделството (11,6%).

При утврдувањето на потребата од стручна помош сметаме дека ќе биде од посебен интерес да се дознае и тоа **во која сфера жената-земјоделски производител има потреба од стручна помош.** На тој начин сметаме дека во оваа значајна стопанска дејност ќе може да се осознае потребата од стручна помош која во голема мера е основа и претпоставка за нивното натамошно ангажирање и унапредување на земјоделското производство.

Резултатите од истражувањето укажуваат на тоа дека меѓу жените на село постои голем број што веруваат дека со стручна помош во "**продажбата на производите"** (26,0%) и со стручна помош во **"набавката на репроматеријалите"** (20,0%) во голема мера ќе се придонесе за развојот на земјоделското производство.

Разгледувајќи ги ставовите на испитаниците по одделни региони, се покажува видливо дека испитаниците во вардарскиот регион (42,5%), југозападниот (32,0%), југоисточниот (32,0%) и полошкиот регион (33,3%) најголемо значење ѝ придаваат на помошта во **"продажбата на земјоделските производи",** а во источниот, на помошта за **"набавка на репроматеријали"** (35,6%).

Големината на земјишниот посед на домаќинствата остварува исто така одредено влијание врз определбите на жената во однос на сферата на стручната помош. Ова е особено видливо кога станува збор за стручната помош во **"продажбата на земјоделските производи"** каде потребата од ваква помош правопропорционално корелира со големината на земјишниот посед.

**Табела 9 : Потреба од стручна помош**

| Големина на посед | Во производен процес | Во набавка на репроматеријали | Во продажба на производи | Во реклама и промоции | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| До 1 ха | 14,4 | 47,3 | 36,3 | 2,0 | 100,0 |
| 1,1-2ха | 19,1 | 31,3 | 41,2 | 8,4 | 100,0 |
| 2,1-3 ха | 16,5 | 28,5 | 43,1 | 11,9 | 100,0 |
| 3,1-5 ха | 11,3 | 9,7 | 50,0 | 29,0 | 100,0 |
| 5,1-8 ха | 10,7 | 28,6 | 46,4 | 14,3 | 100,0 |
| Над 8 ха | 0 | 32,8 | 58,9 | 14,3 | 100,0 |
| **Вкупно** | **15,2** | **32,4** | **42,3** | **10,1** | **100,0** |

Со други зборови, со порастот на големината на земјишниот посед расте и бројот на жените-испитаници кои имаат потреба од помош за продажба на земјоделските производи.

**Задоволството** на жената на село од користената стручна помош беше следното прашање на кое беше фокусирано истражувањето. Оттаму на испитаниците им беше поставено прашањето **"Колку сте задоволни од досега користената стручна помош?"**

Добиените одговори покажуваат дека близу секоја трета жена (31,1%) не користела стручна помош, а секоја петта жена

(21,1%) е задоволна (многу задоволна 1,9%, донекаде задоволна 19,3%) од стручната помош. Релативно значајно статистичко отстапување во смисла на корелација на задоволството од користената стручна помош се забележува од аспект на регионалната припадност. Така според регионот на кој припаѓаат, особено задоволство од користената стручна помош манифестираат жените во полошкиот (31,2%) и југоисточниот регион (28,0%), додека висок степен на незадоволство (донекаде незадоволни, многу незадоволни) постои кај жените во вардарскиот регион (55,0%).

Одредено ниво на корелација покажува прашањето за задоволството од користената стручна помош од аспект на работниот статус на жената. Имено, одредени отстапувања од нормалната дистрибуција се забележуваат кај жените чисти земјоделски производители од кои 32,6% се задоволни од стручната помош, а незадоволни се 22% од социјалната категорија домаќинка-земјоделски производител.

Модернизацијата во земјоделското производство, а пред сé механизацијата и хемизацијата, ја променија традиционалната поделба на трудот меѓу мажите и жените на село. Денес сите или голем број од машките работи можат да бидат и женски. Сосема е мал бројот на работи кои денес жената не може да ги извршува. Особено е намалено учеството на жената во некои работи (орањето, сеидбата, жетвата), не поради тоа што обврската за нивното извршување ја презема мажот, туку поради воведувањето на новата техника и технологија во производството.

Интересно е и тоа што при вршењето на земјоделските работи жената се појавува како помошна работна сила, што укажува на извесно намалување на оптовареноста на жената на село.

Жената како земјоделски производител најмногу учествува во вршење на работната операција **"копање"** (38%). Поради постојната поделба на трудот, повеќе одговара такво земјоделско производство кое е поврзано со економскиот двор и дозволува промена на работните задачи во текот на работниот ден, така што жената може да врши функција на домаќинка и на земјоделски производител.

Учеството на селската жена во земјоделското производство не е подеднакво во сите семејни фарми, односно тоа зависи од неговите социо-економски белези: **големината на поседот, модернизацијата, социјалната структура, професионалната ориентација на членовите на домаќинството, бројот на членовите во домаќинството и сл.**

За работната операција "копање" во поглед на големината на поседот, најбројна е категоријата на семејствата со земјишен посед над 8 ха (75%) и категоријата на жените со исклучиво земјоделско занимање (50,5%).

Објективно не може да се рече дека поделбата на машка и женска работа наполно исчезнува, но сепак сложените и потешките работи во земјоделското производство и во домаќинството и понатаму ги извршува мажот.

Меѓутоа, во ретки случаи овие работи ги вршат и жените, но тие не ги преземаат како машки работи, туку ги извршуваат како учесници во земјоделското производство независно од полот.

Авторитетот на мажот (домаќинот) сé повеќе го губи поранешното значење, така што во домаќинството на село сé повеќе се слуша гласот и на другите членови на домаќинството.

Со цел да го потврдиме постојниот систем на демократизација на односите во домаќинството на село, во истражувањето се обидовме овие промени да ги посматраме преку одлучувањето за земјоделското производство. На прашањето: **Кој во вашето домаќинство одлучува за земјоделското производство** ги добивме следните одговори:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Домаќинот на куќата (мажот) | 24,1 % |
| 2. | Домаќинката (жената) | 5,4 % |
| 3. | Домаќинот и домаќинката заедно | 35,4 % |
| 4. | Сите возрасни членови во домаќинството | 18,9 % |
| 5. | Нема земјоделско производство | 15,9 % |
| 6. | Без одговор | 0,4 % |

Врз основа на податоците се гледа дека авторитетот на жената за ова прашање сé уште е незначително, но високиот

процент на нејзиното одлучување заедно со мажот е важен индикатор кој укажува на современ однос во домаќинството.

Според степенот на образованието на жената постојат меѓусебни разлики во ставовите по однос на одлучувањето за земјоделското производство. Во таа смисла, мажот (домаќинот) највисок процент на одлучување има кај неписмените жени (31,3%), а најмал кај жените со вишо и со високо образование (20,0%).

Од друга страна пак, жените со вишо и со високо образование многу почесто од општиот просек се изјасниле дека одлуките ги носат сите возрасни членови во домаќинството (25,6%).

Работниот статус на жената покажува, исто така, корелација со одлуките во домаќинството за земјоделското производство, па во таа смисла за модалитетот **"домаќинот и домаќинката (мажот и жената)"** најмногу се изјасниле жените кои исклучиво се занимаваат со земјоделското производство (54,5%) и социјалната група домаќинка-земјоделски производител (47,0%).

Двете економски функции на селската жена **работа во домаќинството и работа на фармата** се испреплетуваат во текот на работниот ден до таа мера што тешко може да се оцени дали селската жена е претежно домаќинка или претежно земјоделски производител.

### 4. Ставови на жената за местото на живеење и работа

Со оглед на економските, социјалните и другите настани во Република Македонија, истражувањето покажува дека жената на село во најголем број случаи (52,4%) смета дека треба да "**живее на село и да биде вработена",** натаму, "**да се отсели во град и таму да живее и да работи**" (24,4%), а само 12,8% "**да живее на село и да работи во земјоделството ".**

Надморската височина на селото остварува одредено влијание врз определбата на жената во однос на местото на живеење и работа. Така на пример, ставот "**да се отсели во град**

**и таму да живее и работи**" натпросечно е концентриран во ридско планинските села (32,7%).

### Табела 10: Начин на живот и работа според надморската височина

| | Вкупно | Рамничарски села | Ридско-планински села |
|---|---|---|---|
| Да живее на село и да работи во земјоделство | 18,6 | 19,0 | 16,4 |
| Да живее на село и да биде вработена | 52,4 | 53,9 | 42,7 |
| Да се отсели во град и таму да живее и да работи | 24,4 | 23,0 | 32,7 |
| Без одговор | 4,6 | 4,1 | 8,2 |
| **Вкупно** | **100,0** | **100,0** | **100,0** |

Видот на домаќинството е следниот фактор кој покажува корелација со определбата за живот и работа на жената на село. Во таа смисла, индикативно е што секоја четврта жена (25,7%) кај чисто земјоделските домаќинства сака "**да живее на село и да работи во земјоделството**", а наспроти нив 37,4% од жените кај неземјоделските домаќинства "**не сакаат да живеат на село и не сакаат да работат во земјоделство**".

Постојат изразити разлики во изборот на местото за живеење и работа во поглед на возраста на жената. Најмногу од анкетираните на возраст од 18 до 29 години (36,2%) се изјасниле дека "**сакаат да се отселат во град и таму да живеат и работат**". Определбата за "**живеење на село и работа во земјоделството**" е најзастапена кај жената на возраст од 60 и повеќе години (39,0%).

Степенот на образование остварува релативно значајни статистички отстапувања во смисла на местото на живеење и работа. Ова е особено видливо кога станува збор за определбата "**да живее на село и да работи во земјоделство**", каде живеењето на село и работата во земјоделството обратно пропорционално корелира со степенот на образованието. Вака се изјасниле неписмените жени 37,5%, со незавршено основно образование 34,8%, со средно образование 3,4%, а со вишо и со високо нема ниту една жена. Од друга страна, кај оние кои се

изјасниле "**да се отселат во град и таму да живеат и работат**" присутна е спротивна тенденција. Со вишо и со високо образование вака се изјасниле 48,8%, а од "неписмените" само 10,9%.

**Табела 11: Начин на живот и работа според степенот на образованието**

| Степен на образование | Да живее на село и да работи во земјоделство | Да живее на село и да биде вработена | Да се отсели во град и таму да живее и да работи | Без одговор |
|---|---|---|---|---|
| Неписмена | 37,5 | 37,5 | 10,9 | 14,1 |
| Незавршено основно | 34,8 | 41,7 | 17,1 | 14,1 |
| Основно | 19,3 | 52,4 | 23,0 | 5,2 |
| Средно | 3,4 | 65,0 | 30,8 | 0,8 |
| Вишо и високо | 0,0 | 51,2 | 48,8 | 0,0 |

Работниот статус на жената е следен фактор кој покажува корелација со определбата за живеење и работа. Во таа смисла, најголем број од жените што одговориле дека "**сакаат да живеат на село и да работат во земјоделство**" се од социјалните групи: чист земјоделец (28,7%), пензионер-земјоделски производител (29,0%) и домаќинка-земјоделски производител (27,9%). Симболичен интерес има кај вработената жена (3,8%) и невработената (1,6%), а воопшто нема интерес кај жената-студент.

Наспроти ова, нагласено голем интерес за "**отселување, живеење и работа во град** " се забележува кај жените од редот на студенти (57,9%).

Во контекст на ваквите определби и тенденции за работа и живеење од жените на село се побара да се искажат по прашањето **кои се животните потреби во домаќинството** и еве што конкретно покажуваат податоците:

| | | % |
|---|---|---|
| 1. | Развој на земјоделското производство | 12,8 |
| 2. | Подобрување на економската положба во домаќинството (зголемување на приходите) | 39,9 |
| 3. | Обезбедување на домашна нега и помош | 7,8 |
| 4. | Подобрување на условите за домување | 5,5 |
| 5. | Школување на децата | 11,0 |
| 6. | Вработување | 22,0 |
| 7. | Нема животни потреби | 1,0 |
| | **Вкупно:** | **100,0** |

Во глобални рамки, одговорите за "**подобрувањето на економската положба (зголемување на приходите) во домаќинството и вработувањето**" соодвествуваат на веќе изнесените податоци за социо-економската положба на домаќинствата на село.

Од анализата на одговорите според карактеристиките произлегува дека пообразованите жени многу повеќе се за вработување, а понеобразованите за развој на земјоделското производство.

**Табела 12: Животни потреби според степенот на образование**

| | Неписмени | Незавршено основно образование | Основно образование | Средно образование | Вишо и високо |
|---|---|---|---|---|---|
| Развој на земјоделско производство | 17,2 | 16,0 | 14,9 | 8,0 | 4,7 |
| Подобрување на економската положба во домаќинството | 42,2 | 38,0 | 38,7 | 43,9 | 30,2 |
| Обезбедување на домашна нега и помош | 23,4 | 16,6 | 52,2 | 0,8 | 0,0 |
| Подобрување на условите за домување | 1,6 | 4,3 | 6,7 | 5,9 | 7,0 |
| Школување на децата | 4,7 | 7,5 | 16,7 | 9,7 | 7,0 |
| Вработување | 9,4 | 17,1 | 17,1 | 30,0 | 51,2 |
| Нема животни потреби | 1,5 | 0,5 | 0,7 | 1,7 | 0,0 |
| **Вкупно** | **100,0** | **100,0** | **100,0** | **100,0** | **100,0** |

Кај вработените жена најголема животна потреба е "**подобрувањето на економската положба во домаќинството**" (55,8%), а кај жените земјоделски производители "**развојот на земјоделското производство**" (29,7%). Кај социјалната група пензионер постои карактеристично поместување, односно зголемување на бројот на оние кои имаат потреба од обезбедување на домашна нега и помош (20,0%).

Според видот на домаќинството исто така се манифестира корелација. Имено, одговорот **"развој на земјоделско производство"** се сретнува кај 27% од вкупниот број на чисто земјоделски домаќинства, а многу поретко кај мешовитите домаќинства (10,9%). Животната потреба **"вработување"** е најзастапена кај жените во неземјоделските домаќинства (31,7%), а најмалку кај жените во чисто земјоделските домаќинства (18,4%).

# II. ПОЛОЖБАТА НА ЖЕНАТА ВО СЕМЕЈСТВОТО НА СЕЛО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Семејството како примарна општествена група долго време го предизвикувало научниот интерес на голем број истражувачи на општествената стварност. Притоа, собран е богат фонд на научно проверени податоци за внатрешниот семеен живот, како и за влијанието на општеството врз семејството. Сепак, се чини дека од социолошки аспект може да се каже дека положбата на жената во семејството, посебно во руралните средини, не е доволно научно проучена.

Веднаш треба да се напомене дека севкупната трансформација на семејството во Република Македонија нужно доведе и до низа промени во положбата на жената во семејната група. Во патријархалната човечка заедница, односно во патријархалното семејство, кое и денес е присутно, посебно во руралните подрачја на Република Македонија, сé уште превладуваат сфаќањата дека жената едноставно е врзана за семејството и дека нема што да бара надвор од него. Со самиот чин на мажењето жената во секој поглед станува зависна од мажот. Освен тоа, со оглед на хиерархиската поставеност на семејните односи, жената е потчинета и на свекорот и на свекрвата. Имено, во патријархалното семејство, многу поголемо значење му се придава на полот во однос на староста на членовите на семејството. Во тој поглед, во семејната хиерархија мајката има прилично низок ранг. Таа никогаш не може да биде рамноправна со машките членови на семејството. Тоа воедно значи дека ни нејзиниот авторитет никогаш не може да биде посебно висок. Освен тоа, и свекрвата се однесува спрема снаата повеќе диктаторски отколку родителски, односно на хиерархиската скала се наоѓа над неа. Снаата за неа нема никаков авторитет, таа е нов член на семејството, дојдена од страна, чија основна и единствена должност е да работи во куќата.[2]

[2] Види поопширно: Породица у трансформацији, Напријед, Загреб, 1964, стр.65, 76

Во Македонија во одделни региони често било присутно стрешинството спрема годините на старост, така што младите, без разлика на полот, по правило, биле потчинети на постарите. Сепак, во Македонија имало и региони (ги има и денес) во кои машките членови, без разлика на возраста, имаат повисок ранг во однос на женските членови.[3]

Општата неповолна положба на жената во патријархалното семејство на село е резултат, пред сé, на приватниот карактер на средствата за производство. Имено, жената активно работи на поседот на својот маж, а истовремено таа е и домаќинка при што ги извршува и сите најважни домашни работи. Подигнувањето и воспитувањето на децата исто така е нејзина обврска, а во планирањето на семејството таа најчесто не учествува.[4]

Процесите на индустријализација и урбанизација доведоа до крупни промени во целокупната општествена структура, при што интензивни промени претрпе и најинтимната и најзатворена општествена група - семејството. Семејството долго време егзистираше како самодоволна општествена група во чии рамки личноста не можеше да ги афирмира своите можности и квалитети. Во ваквиот тип на семејство строго беше одредена положбата и улогата на секој нејзин член.[5]

Еден од основните детерминатори за прогресивните промени во речиси сите области на семејниот живот претставува изменетата положба на жената, чии творечки сили сé повеќе се ослободуваат при што ѝ овозможуваат заедно со мажот да стане рамноправен фактор на севкупниот социо-економски развој на општеството. Како најбитни фактори кои овозможуваат сé поголема рамноправност и еманципација на жената се образованието и вработувањето кои воедно придонесуваат и за економска сигурност на жената.

Положбата на жената во семејството на село во ова истражување ќе ја посматраме преку следниве индикатори: планирање на семејството, семејни односи и семеен систем на вредности и норми.

---

[3] Види: Исто, стр. 95, 96.

[4] Види поопширно: Др Борислав Димковић, Друштвени положај сеоске жене,Социологија села, бр.63-64, 1979.

[5] Види: Загорка Голубовиќ, Породица као људска заједница, Напријед, Загреб.

## 1. Планирање на семејството

Планирањето на семејството претставува организирано дејствување на репродуктивната функција на семејството и тоа, како од страна на општеството, така и од страна на семејството. Меѓутоа, тоа влијание не се одвива на институционално, туку на семејно ниво. Негова основна цел е поголема хуманизација на оваа семејна функција, при што планирањето на семејството се карактеризира со "демографска неутралност". Имено, мажот и жената во рамките на семејната група би требало слободно да одлучуваат за бројот на раѓањата имајќи ги предвид не само сопствените, туку и пошироките општествени можности и потреби. Ваквата цел може да се постигне со поголема демократизација на семејните односи, пред сé, помеѓу мажот и жената, што подразбира и зголемување на нивните знаења од областа на биолошката репродукција. Преку планирањето на семејството, кое се остварува како основно човечко право, општеството семејната група ја третира како "човечка заедница" почитувајќи ја специфичноста на семејството како основна, односно примарна општествена група.

Бидејќи на општата физиономија на семејството, како и на местото на жената во него, големо влијание има репродуктивното однесување на жената, во нашето истражување се обидовме да ги утврдиме настанатите промени во ставовите на жената во однос на ова прашање, кои во голема мера ја детерминираат и нејзината положба во руралното семејство.

Од досегашните истражувања на оваа проблематика, познато е дека промените во репродуктивното однесување на жената се детерминирани од повеќе фактори: образовни, социопрофесионални, етнички и др.

Оваа проблематика во спроведеното научно истражување ја обработивме преку поставување на неколку прашања на испитаниците.

На поставеното прашање: Колку деца би (сте) сакале да имате пред стапувањето во брак, општата дистрибуција на одговорите што ги дале испитаниците е следната:

| | Бр | % |
|---|---|---|
| Едно дете | 20 | 2,5 |
| Две деца | 356 | 44,5 |
| Три деца | 214 | 26,8 |
| Четири деца | 86 | 10,8 |
| Пет и повеќе деца | 4 | 0,5 |
| Не сум размислувала | 120 | 15,0 |
| Вкупно | 800 | 100,0 |

Наведените податоци недвосмислено покажуваат дека и во руралните подрачја на Македонија веќе се согледани и спознаени сите предности на планирањето на семејството. И покрај тоа што наведените податоци всушност претставуваат декларативни ставови на анкетираните жени во руралните средини, сепак ваквата општа тенденција ја потврдуваат и сите наши досегашни истражувања реализирани во ИСППИ, како и официјалните статистички податоци. Фактот што повеќе од две третини од анкетираните жени се определуваат за наталитет до три деца индиректно зборува за прогресивните промени во положбата на жената во семејството. Тоа доведува до конституирање на нов модел на семејство спрема кој се планира раѓање најмногу до три деца со што се создаваат и неопходните предуслови за постепен премин од патријархално во современо семејство, со што сé повеќе доаѓа до израз и еманципацијата на жената.

Познато е во науката дека ставовите на жената за нејзиното репродуктивно однесување се тесно поврзани со нејзината возраст. Така на пример, додека анкетираните жени на возраст од 18 до 29 години само во 8,1% случаи би се определиле за наталитет од 4-5 деца, додека ниту една не би се определила за раѓање на 6 и повеќе деца, а жените испитанички на возраст од 60 и повеќе години (и покрај тоа што треба да се има предвид дека се анкетирани само 4 жени на оваа возраст) во 33, 7% случаи преферираат раѓања на 4-5 деца, додека дури 50% од нив се определиле за раѓање на 6 и повеќе деца.

До пред неколку децении во услови на општа економска неразвиеност, во услови на доминација на аграрното стопанство, положбата на жената во семејството била посебно тешка. Патријархалните семејни односи ја врзувале жената за земјо-

делското производство, таа се грижела за воспитувањето и одгледувањето на децата, а освен тоа жената била и домаќинка.

Денес, глобалниот општествен прогрес доведува до сѐ поголема рамноправност меѓу половите што ќе биде предмет на нашата натамошна анализа.

Досегашните научни истражувања покажуваат дека сфаќањата на жената за бројот на раѓањата се детерминирани и од типот на семејството.

**Табела бр:1 Ставовите на жената за нејзиното репродуктивно однесување спрема типот на семејството**

| Број на деца | Тип на семејството | | |
|---|---|---|---|
| | **земјод.** | **мешано** | **неземј.** |
| Едно | 0,7 | 3,4 | 0,8 |
| Две | 43,4 | 43,4 | 50,4 |
| Три | 25,0 | 29,1 | 18,7 |
| 4-5 | 12,5 | 11,4 | 5,7 |
| 6 и повеќе | 0,0 | 0,8 | 0,0 |
| Не сум разм. | 18,5 | 11,8 | 24,4 |
| Вкупно | 100 | 100 | 100 |

Најголема склоност кон повисок фертилитет покажуваат жените од земјоделските и мешаните семејства, додека таквата склоност кај жените од неземјоделските семејства е значително пониска.

Ако се има предвид фактот дека поголемиот број на деца создава и поголеми обврски за родителите, а познато е дека товарот околу нивното згрижување и воспитување во руралните средини на Македонија претежно паѓа на жената која кај земјоделските и мешаните семејства истовремено е ангажирана и на извршувањето на земјоделските работи, јасно е дека положбата на жената во овие семејства е многу понеповолна во однос на жената од неземјоделските семејства која најчесто ја има единствено улогата на домаќинка.

Меѓутоа, репродуктивното однесување на жената, а со самото тоа и планирањето на семејството, тесно е поврзано и со етничката припадност на жената, односно на семејството. Ваквата констатација ја потврдуваат податоците од сите досегашни

истражувања од оваа област, а таа се потврдува и со податоците од следната табела:

**Табела :2 Ставовите на жената за нејзиното репродуктивно однесување спрема етничката припадност**

| **Број на деца** | **Етничка припадност** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Македонка | Албанка | Турчинка | Србинка | Друго |
| Едно | 3,2 | 0,7 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Две | 52,4 | 19,7 | 6,7 | 28,2 | 45,5 |
| Три | 22,8 | 40,1 | 53,3 | 30,8 | 18,2 |
| 4-5 | 6,4 | 25,4 | 20,0 | 20,5 | 9,1 |
| 6 и повеќе | 0,3 | 0,0 | 6,7 | 2,6 | 0,0 |
| Не размис. | 14,8 | 14,1 | 13,3 | 17,9 | 27,3 |
| **Вкупно** | **100** | **100** | **100** | **100** | **100** |

Спрема тоа, во поглед на подготвеноста и желбата на жената за раѓање, помеѓу македонските и албанските семејства постојат големи разлики. Уште пред стапувањето во брак, албанската жена, за разлика од македонската, е спремна за повеќе раѓања, што од своја страна има голем придонес кон оддалечувањето од моделот на современо семејство. Може да се констатира дека репродуктивното однесување на албанската жена кое се карактеризира со висок фертилитет се јавува како еден од факторите кој го оневозможува конституирањето на албанското семејство во споменатиот современ тип на семејство, со што истовремено е оневозможено подобрувањето на положбата на жената во семејството.

Од друга страна, според наведените податоци, само 6,4% од Македонките изјавиле дека пред стапување во брак сакале да имаат по 4-5 и повеќе деца (за овој модалитет се определиле дури една четвртина од вкупно анкетираните жени Албанки), што воедно значи дека жената Македонка повеќе не се третира како "нива по која мажот го сее семето на животот" (Бахофен). Тоа исто така значи дека за неа, со оглед на присутната ориентација кон планирањето на семејството, биолошката репродукција повеќе не претставува основна и примарна функција.

Веднаш да напоменеме дека според досегашните истражувања, како и според официјалните статистички податоци, во поглед на посакуваните и фактички родените деца, помеѓу Македонките и Албанките не постојат големи разлики. Познато е дека помалиот број на деца, односно планирањето на семејството, значително ја олеснува традиционално тешката положба на жената посебно во селското семејство и воедно претставува голем чекор напред кон нејзината натамошна еманципација.

Во натамошната анализа на емпирискиот материјал ќе наведеме уште некои примери кои укажуваат на прогресивните промени на положбата на жената во семејството во руралните подрачја на Македонија. Станува збор за вкоренетото сфаќање кое долго време претставувало основна карактеристика на патријархалното семејство на село во Македонија, спрема кое основната и најважната функција на жената во семејството едноставно се состоела од раѓање на што поголем број на деца. Се разбира, во ваквите случаи не може да стане ниту збор за некакво организирано планирање на семејството. Всушност, "планирањето на семејството" било насочувано кон раѓање на повеќе деца кои еден ден ќе бидат употребувани како неопходна работна сила на земјоделскиот имот од таткото. Притоа, воопшто не се размислувало за реалната положба на жената во семејството која била на сосема незавидно ниво.

Во таа смисла, на поставеното прашање: "Дали мажот треба да ја остави жената доколку таа не може да роди", од анкетираната женска популација на село добиена е следната општа дистрибуција на одговори:

| | Бр | % |
|---|---|---|
| Да | 9 | 1,1 |
| Можеби во некои случаи | 89 | 11,1 |
| Во никој случај | 616 | 77,0 |
| Не знам | 86 | 10,8 |
| | 800,0 | 100,0 |

Спрема наведените податоци може да се констатира дека споменатиот, најблаго речено, нехуман однос кон жената повеќе не постои. Тоа значи дека на жената се гледа како на рамноправно човечко суштество коешто во никој случај не е предо-

дредено само за раѓање деца, туку таа има и други квалитети. Фактот што одговорите ги давале самите жени уште повеќе ги потврдува прогресивните промени во нивната свест, како и нивната подготвеност за неприфаќање на долговековната потчинета положба.

Споредувајќи го ова прашање со други независни варијабли не можевме да констатираме некои поголеми отстапувања од наведената општа дистрибуција на одговори. Единствено компарацијата по однос на одговорите на ова прашање помеѓу двете најголеми етнички групи во Македонија, Македонците и Албанците, покажуваат значителни разлики. Имено, додека за жените Македонки во 81% случаи мажот во никој случај не треба да ја остави својата сопруга доколку таа не може да роди, кај жените Албанки тој процент е значително понизок - 58,5%. Тоа во секој случај зборува за релативно понискиот степен на еманципираност на жената Албанка, односно за нејзината релативно понеповолна положба во руралните семејства, иако во компарација со нејзината положба од пред неколку децении јасно се воочливи низа промени во прогресивна насока.

Треба да се напомене и тоа дека во патријархалното семејство на село во Македонија, освен тоа што основната функција на жената се состоеше од раѓање на што поголем број на деца, беше посакувано по можност тие деца да бидат машки. Имено, машките деца во традиционалните средини во руралните семејства биле посебно ценети, пред се́ заради тоа што тие еден ден требало да станат наследници на имотот од таткото.

Во врска со оваа проблематика на испитаничките им беше поставено следното прашање: "Дали жената треба да продолжи со раѓањата се́ додека роди машко дете".

Одговорите на ова прашање се следните:

| | | Бр | % |
|---|---|---|---|
| Да | | 45 | 5,6 |
| Можеби во некои случаи | | 130 | 16,3 |
| Во никој случај | | 559 | 69,9 |
| Не знам | | 66 | 8,3 |
| | Вкупно: | 800 | 100,0 |

И во овој случај очигледни се прогресивните трансформации кај жената во рамките на руралното семејство, кои очигледно укажуваат на нејзината сé понагласена еманципираност. Желбата за раѓање на машко дете речиси без исклучок е присутна во патријархалните средини така што жената била помирена со таквите состојби. Од друга страна, женските деца се сметале за помалку вредни.

Ваквите рецидиви, иако во помал обем, се присутни и денес. Во тој контекст, на одговорите на жените на ова прашање одредено влијание има типот на семејството. Имено познато е дека кај земјоделските и, во помала мера, кај мешаните семејства превладуваат патријархалните семејни односи, додека кај неземјоделските семејства, поради карактерот на материјалната основа на која се засноваат, поприсутни се современите семејни односи. Во таа смисла, додека 68% од анкетираните жени од земјоделските и мешаните семејства сметаат дека жената во никој случај не треба да продолжи со раѓањата сé додека да роди машко дете, овој процент кај жените од неземјоделските семејства е значително повисок - 77,2%.

Исто така, можевме да утврдиме значителна поврзаност помеѓу ова прашање и националната припадност на жената. Имено, додека 76,9% од анкетираните жени Македонки се на мислење дека жената во никој случај не треба да продолжи со раѓањата ако не родила машко дете, овој процент кај жените Албанки е многу понизок и изнесува 45,1%. Значи, машките деца кај албанските семејства сé уште во голема мера се повеќе посакувани од женските, што укажува на степенот на трансформираност на албанското семејство и на положбата на жената во него. Тоа исто така укажува и на практичната застапеност на планирањето на семејството.

Сепак, во глобални рамки, и покрај ваквите остатоци од поблиското минато, приложените податоци на некој начин го сигнализираат почетокот на крајот на доминацијата на мажот во патријархалното семејство во Македонија и воедно го означуваат почетокот на создавање на ново, современо семејство, засновано на хумани и демократски односи, во кое жената по своите права, но и по своите должности сé повеќе станува рамноправна со мажот.

## 2. Семејни односи

Многубројните односи коишто се воспоставуваат помеѓу членовите на семејството всушност претставуваат една од најзначајните, а воедно и најсложените сфери на семејството и тоа, пред сé, поради фактот што тоа претставува основна и најинтимна општествена група.

Сé до пред неколку децении во Македонија доминирале патријархалните семејни односи, чии рецидиви, во помала или поголема мера, со различен интензитет, се среќаваат сé до денешно време. Треба да се напомене дека Македонија релативно доцна се вклучила во паричното стопанство како и во современите општествени движења. Поради тоа и промените во семејниот живот биле незабележителни. Семејните односи биле регулирани на специфичен патријархален начин, со евидентна присутност на одредена хумана димензија. Семејните односи се карактеризирале со смиреност и дисциплинираност, а положбата на жената ги задржала сите елементи на традиционалната принципиелна потчинетост.[6]

Меѓутоа, познато е дека настанатите крупни промени во глобалниот општествен систем кај нас, како што напоменавме и во воведниот дел, имаа силно влијание и на менувањето на семејните односи, така што авторитативните односи, односно односите кои се карактеризираа со потчинета улога на жената во семејството, сé повеќе се губат и им отстапуваат место на односите на рамноправност помеѓу сите членови на семејството, а посебно помеѓу мажот и жената.

---

[6] Види: Вера Ерлих, Оп. цит., стр. 430.

Со оглед на карактерот на расположливите емпириски податоци, во анализата што претстои, освен квантитативниот, ќе го примениме и квалитативниот, односно содржинскиот пристап, кој овозможува, покрај структурната димензија, да биде согледана и содржинската страна на семејните односи, во овој случај односите помеѓу сопрузите, како и помеѓу родителите и - децата, од што непосредно ќе може да се согледа и положбата на жената во руралните семејства.

Најнапред, како индикатор за утврдување на положбата на жената во семејството ќе ни послужат одговорите на испитаничките во врска со однесувањето на мажот кон жената во моментите на несогласување.

Истражувачките емпириски податоци укажуваат на следната состојба:

| | Бр | % |
|---|---|---|
| Се кара, вика | 243 | 30,4 |
| Излегува од дома | 182 | 22,8 |
| Молчи, пуши, пие | 88 | 11,0 |
| Ме тепа, пцуе | 9 | 1,1 |
| Не се лути | 148 | 18,5 |
| Нема сопруг | 79 | 9,9 |
| Без одговор | 51 | 6,4 |
| **Вкупно:** | **800** | **100** |

Спрема патријархалните семејни норми, грубиот однос на мажот кон жената кој најчесто преминувал и во физичко пресметување се сметал за сосем нормално однесување затоа што единствено на тој начин можело да се согледа кој е "газда" во семејството.

При поставувањето на ова прашање бевме свесни дека човекот по својата генеричка суштина помеѓу другото е и "семејно суштество," односно одредени интимни прашања по секоја цена настојува да ги задржи во семејните рамки. Притоа, сметаме дека наведените податоци се посебно интересни, дотолку повеќе ако се има предвид дека досегашните социолошки истражувања во Македонија воопшто не го допреле ова исклучително значајно подрачје на семејниот живот, кое во краен случај го определува и самиот тип на семејството.

Податоците ни откриваат евидентни промени во оваа сфера од семејниот живот. Посебно е воочливо драстичното опаѓање на екстремното однесување на мажот кон жената (тепање, пцуење), што беше доминантна и многу честа форма на однесување во традиционалното патријархално семејство во руралните подрачја. Имено, директното агресивно однесување на мажот, што во вакви случаи била нормална и вообичаена практика во патријархалните средини, во семејствата во руралните подрачја во Македонија скоро и да не е застапена, така што таа може да се посматра како рецидив од минатите времиња. Од друга страна, и покрај постоењето на одредена конфликтна ситуација, мошне висок е процентот на мирољубиво однесување на мажот кон жената, што во секој случај значи дека семејните односи стануваат сé посовремени, односно дека положбата на жената во руралните семејства на Македонија покажува тенденција на прогресивни промени.

Од поделбата на работата помеѓу членовите на семејството околу извршувањето на домашните работи исто така мошне егзактно може да се утврди положбата на жената на семејството на село. Имено, ваквата поделба на работата претставува примарен однос во семејството од кој во поголема или помала мера се детерминирани и останатите семејни односи.

Различната застапеност во учеството на членовите на семејството околу извршувањето на домашните работи претставува важна компонента по која современото семејство се разликува од патријархалното. Имено, додека за современите семејни односи е карактеристична нивната егализација, односно приближно подеднакво учество на мажот и жената околу извршувањето на домашните работи, за патријархалните семејни односи карактеристична е потчинетата положба на жената во однос на мажот, така што и извршувањето на домашните работи претставува обврска, пред сé, на жената.

Со цел да ги утврдиме глобалните состојби на ова подрачје, на испитуваната популација им беше поставено прашањето: "Каква е поделбата на домашните обврски во Вашето семејство?"

Притоа анкетираните жени во спроведеното истражување ги дале следните одговори:

| | Бр | % |
|---|---|---|
| Сите работи ги извршувам сама | 162 | 20,3 |
| Во помал обем ми помагаат и другите членови | 275 | 34,4 |
| Рамноправно се поделени помеѓу сите членови на семејството | 337 | 42,1 |
| Немам речиси никакви обврски | 11 | 1,4 |
| Имам куќна помошничка | 1 | 0,1 |
| Без одговор | 14 | 1,8 |
| **Вкупно:** | **800** | **100** |

Спрема овие податоци, и покрај остатоците од минатото, современите семејни односи на село во Македонија се наоѓаат во полн замав. Имено, кај секое петто анкетирано семејство сите домашни работи ги извршува исклучиво жената, што јасно зборува за нејзината преоптовареност и потчинетост, односно за нејзината тешка и неповолна положба во семејството, со што уште еднаш е потврдено присуството на патријархалните остатоци во семејниот живот. Сепак, податокот според кој приближно кај половината од руралните семејства домашните работи рамноправно се поделени на сите членови на семејството недвосмислено ја открива тенденцијата на забрзано менување на нејзината традиционална потчинета положба, како и на нејзиното сé поголемо приближување и изедначување со положбата и семејниот авторитет што со векови бил исклучива привилегија на мажот.

Доведувајќи го ова прашање во врска со други независни варијабли, дојдовме до одредени интересни, но во секој случај , очекувани сознанија.

Имено, земајќи ја предвид возраста на анкетираните жени, можевме да констатираме дека најдемократски семејни односи по однос на ова прашање се среќаваат кај жените на

возраст од 18 до 29 години. Од вкупниот број анкетирани жени на оваа возраст дури 58% одговориле дека домашните работи рамноправно се поделени помеѓу сите членови на семејството. Овој процент на дадени одговори на истото прашање кај жените од возрасната група над 60 години е далеку понизок и изнесува 36%. Тоа јасно покажува дека носители, односно конзерватори на патријархалните семејни односи се, претежно, припадниците на постарата генерација, додека современите семејни односи, кои воедно значат и подобра положба на жената во семејството, претежно се поврзани со помладата генерација.

Исто така, значителна диференцијација во одговорите на анкетираните жени на село е присутна и со оглед на нивната национална припадност. Така, додека речиси половината од анкетираните жени Македонки (48%) изјавиле дека домашните обврски во семејството рамноправно се поделени помеѓу сите членови, одговорите што ги добивме по ова прашање од жените Албанки значително се разликуваат. Само 21% од нив одговориле дека во нивните семејства постои рамноправност при поделбата на домашните работи. Иако и кај албанските семејства очигледни се крупните прогресивни промени во сите сфери од семејниот живот, сепак наведениот податок ја открива релативно поголемата затвореност и отпорност од општествените влијанија на албанското семејство во компарација со македонското. Тоа секако е резултат, пред сé, на силната традиција која упорно настојува да ја одржи потчинетата положба на жената во албанското семејство воопшто, а посебно на село.

Всушност, положбата на жената во семејството може мошне успешно да се согледа, ако се земе предвид авторитетот што таа го ужива во рамките на семејната група.

Треба да се напомене дека авторитетот на родителите во семејството сé до пред 2-3 децении бил неприкосновен. Во тој контекст посебно бил изразен авторитетот на мажот, додека авторитетот на жената во семејството бил значително понизок. Така на пример, оженетиот син не смеел во присуство на таткото да седи, да пуши, да пие или пак да разговара со жената. Обичај било децата да им бакнуваат рака на таткото, мајката, дедото и сл. Во вакните патријархални средини станувало збор

за т.н. "природен авторитет", односно во извесна смисла за вродено чувство на потчинетост спрема постарите.[7]

Изменетите глобални општествено-економски прилики во Македонија се основни причини за промените на положбата на жената во семејството. Во таа смисла и промените во семејниот авторитет треба да се доведуваат во врска со севкупните промени настанати под влијание на споменатите процеси на индустријализација и урбанизација. Промените во економската основа на семејството (вработување надвор од земјоделскиот имот и сл.) доведуваат до радикални промени и во семејните односи. Авторитетот на главата на семејството сé повеќе го губи поранешното значење, така што во современото семејство во Република Македонија сé повеќе се слуша гласот и на останатите членови.

Сепак, и покрај наведените промени во глобалната општествена структура кои имаат големо влијание и врз семејството и семејните односи, сé уште и во современите прилики, посебно во селските средини, егзистираат одредени фактори кои ја оневозможуваат позабрзаната егализација на семејните односи.

Во ова истражување, промените во семејниот авторитет од кој е детерминирана и положбата на жената во семејството најнапред ќе ги утврдиме преку семејните односи кои се воспоставуваат преку раководењето со семејниот буџет.

Семејниот буџет претставува еден од најбитните компоненти на семејниот живот воопшто. Веднаш треба да се нагласи дека една од главните карактеристики на патријархалното семејство е и таа што со севкупниот семеен буџет раководи исклучиво мажот затоа што се смета дека жената едноставно не е способна да извршува такви значајни работи. Ваквиот однос кон семејниот буџет остава свој печат и на семејните односи во целина како и на положбата на жената.

Меѓутоа, процесот на индустријализација менувајќи ја економската основа на патријархалното семејство доведува до крупни промени во положбата на жената и во оваа сфера на семејниот живот. Така, за индустриски развиените општества, односно за современото семејство е карактеристично тоа што

---

[7] Види: Вера Ерлих, Оп.цит., стр.32, 38,47.

жената при раководењето со семејниот буџет станува сé порамноправна со мажот.

Ваквите промени кои од своја страна доведуваат до интензивна трансформација на традиционалната неповолна и потчинета положба на жената на село се присутни и во Република Македонија. Силниот интензитет на ваквите промени недвосмислено го потврдуваат и податоците од нашето истражување.

На прашањето: "Кој раководи во Вашето семејство со семејниот буџет?", одговорите на испитаничките целосно одат во прилог на претходните констатации.

| | Бр | % |
|---|---|---|
| Жената и мажот | 600 | 75,0 |
| Децата | 11 | 1,4 |
| Сите членови на семејството | 169 | 21,1 |
| Без одговор | 20 | 2,5 |
| **Вкупно:** | **800** | **100** |

Очигледно е дека во денешното селско семејството во Република Македонија процесот на егализација на семејните односи во однос на ова прашање е во полн замав. Сé поголемата рамноправност на жената со мажот во поглед на раководењето со семејниот буџет зборува за настанати крупни прогресивни промени во местото и улогата на жената во руралното семејство. Една од причините за ваквите промени на жената, во смисла на драстично зголемување на нејзиниот семеен авторитет, секако е и таа  што во стекнувањето на доходот освен мажот учествува и жената, како и другите членови на семејството.[8]

Од социолошка гледна точка, еден од најсигурните индикатори за утврдување на карактерот на семејните односи, односно  на семејниот авторитет, без сомнение претставува донесувањето на поважни одлуки во семејството.

Треба да се има предвид при анализата на семејните односи и во овие рамки на семејниот авторитет, дека тие, освен од социо-економските и културните обележја на семејството, во голема мера се детерминирани и од карактеристиките на сама-

[8] Види: Ружа Фирст, Структура ауторитета у сеоским домаќинствима, Социологија села, бр.7, 1969.

та личност на сопрузите. Имено, семејните односи кои воедно претставуваат и најинтимни односи што воопшто можат да се воспостават во една општествена заедница, се лични односи помеѓу интимно поврзани поединци, односно тоа се неинституционализирани односи.[9] Во оваа прилика само ќе напоменеме дека, сепак, влијанието на личноста врз семејните односи не можеме да го посматраме одвоено од останатите глобални карактеристики на семејството кои во голема мера го одредуваат дејствувањето на поединците.

Во секој случај, досегашните социолошки истражувања на семејството потврдуваат дека во традиционалните семејства сите поважни одлуки во семејството ги донесувал мажот. Исто така, истражувањата од оваа област упатуваат на констатацијата дека во неразвиените региони, во компарација со развиените, промените во семејните односи и семејниот авторитет се многу послаби. При тоа, помеѓу двете екстремни точки на авторитет - патријархален и егалитарен, постои цела низа на преодни форми.[10]

Една од поважните одлуки во семејството секако претставува одлучувањето за купување на повредни работи.

Слично како и во досегашното излагање, најнапред сметаме дека, заради компарација со сегашните состојби на структурата со семејниот авторитет во Република Македонија, е потребно да се потсетиме на карактеристиките на двата екстремни типови на семејни односи.

Имено, за екстремно патријархалните семејни односи карактеристично е тоа што за купување на сите поважни работи во семејството конечната одлука ја донесува мажот. Од друга страна, за екстремно современи семејни односи се сметаат оние кај кои за купување на повредни работи во семејството, рамноправно одлучуваат сите возрасни членови во семејството, а посебно непосредно заинтересираните. За нас посебно значајно е да ја согледаме улогата и положбата на жената во однос на ова прашање.

Во врска со одлучувањето за купување на повредни работи во семејството, спрема расположливите емпириски пода-

---

9 Види: Загорка Голубовић, Породица као људска заједница, Напријед, Загреб, 1981, стр. 187 и понатаму.

10 Види: Ружа Фирст: Оп.цит.

точи добиени преку истражувањето, ваквата одлука ја донесувале следните челенови на семејството:

| | Бр | % |
|---|---|---|
| Мажот | 155 | 19,4 |
| Жената | 62 | 7,8 |
| Мажот и жената | 386 | 48,3 |
| Сите членови на семејството | 184 | 23,0 |
| Без одговор | 13 | 1,6 |
| **Вкупно:** | **800** | **100** |

Резултатите од спроведеното истражување, помеѓу другото, овозможуваат добивање на еден увид во положбата во која се наоѓа жената во семејството на село во Република Македонија.

Овој хоризонтален пресек на семејните односи, односно семејниот авторитет, открива големи промени во поглед на структурата на авторитетот. Додека до пред 2-3 децении, при купувањето на повредни работи во семејството, доминираше авторитетот на таткото[11], денес неговиот авторитет е рапидно опаднат, така што при купувањето на повредни работи, тој сé повеќе се консултира со жената, односно сé помалку одлучува сам. Тоа истовремено значи голем пораст на авторитетот на жената во семејството на село, на нејзината сé поголема рамноправност со мажот, што укажува на големи прогресивни промени на нејзината положба во семејството, во смисла на сé поголема егализација на семејните односи.

Сепак, ако се земе предвид националната припадност на семејството се добива нешто поинаква дистрибуција на авторитетот помеѓу членовите на семејството.

---

[11] Види поопширно: Наум Матилов, Промените на современото семејство во Македонија, докторска дисертација, Филозофски факултет, Београд, 1990.

**Табела бр. 3. Купување на повредни работи во семејството спрема националната припадност на семејството**

| Национална припад. | Кој одлучува за купување на повредни работи | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мажот | Жената | Мажот и жената | Сите чл. на сем. | Без одговор | Вкупно |
| Македонска | 16,2 | 5,7 | 48,9 | 27,7 | 1,5 | 100,0 |
| Албанска | 32,4 | 14,8 | 48,6 | 2,1 | 2,1 | 100,0 |
| Турска | 53,3 | 6,7 | 26,7 | 13, 3 | 0,0 | 100,0 |
| Српска | 10,3 | 15,4 | 33,3 | 38,5 | 2,6 | 100,0 |
| Друго | 9,1 | 0,0 | 90,1 | 0,0 | 0,0 | 100,0 |

Со оглед на тоа што резултатите изразени во апсолутни броеви кај останатите семејства се многу ниски, така што и изведените заклучоци би биле проблематични, од оваа табела ќе ги коментираме само резултатите од македонските и албанските семејства.

И покрај тоа што процентот на одлучување за купување на повредни работи кај жената Албанка е релативно висок, сепак, податокот според кој процентот кај албанските семејства во кои при одлучувањето во семејството доминира мажот е двојно повисок од оној кај македонските семејства, зборува дека авторитетот на таткото е најсилен кај албанските семејства. Освен тоа, кај албанските семејства, за разлика од македонските, само во незначителен број на случаи при одлучувањето за купување на поважни работи се вклучени сите членови на семејството, што значи дека авторитетот во рамките на семејството е сконцентриран кај родителите, односно кај мајката и таткото, што е една од карактеристиките на патријархалните семејства. Тоа исто така значи дека и процесот на егализација на семејните односи кај албанските семејства во компарација со македонските се одвива со побавно темпо.

Ако го земеме предвид типот на семејството, можеме да констатираме дека авторитетот на мажот, сосема очекувано, е најдоминантен кај земјоделските семејства (27,0%), додека тој е релативно најслаб кај неземјоделските семејства (16,3%). Од друга страна, авторитетот на жената е најслаб кај земјоделските семејства (4,6%), додека тој е релативно најсилен кај не-

земјоделските семејства (13,0%). Во овј случај мешаните семејства се јавуваат како еден вид на преодна форма помеѓу споменатите семејства. Имено, познато е дека кај земјоделските семејства со оглед на карактерот на сопственоста доминираат патријархалните семејни односи, каде што, како што споменавме, од повеќе причини, положбата на жената е многу неповолна. Од друга страна, доминацијата на современите семејни односи кај неземјоделските семејства придонесуваат положбата на жената да биде на едно релативно задоволително ниво.

Промените во структурата на семејниот авторитет, а во тој контекст и промените во положбата на жената во семејството, ќе ги презентираме и преку утврдување на карактерот на семејните односи кои се воспоставуваат при донесувањето на одлука во врска со мажењето или женењето во семејството.

Треба да потенцираме дека во не така далечното минато, ова прашање се решавало на традиционален начин. Имено, родителите, а најчесто таткото, непосредно одлучувале за мажењето или женењето на некој член од семејството. Секое поголемо отстапување од ова општо прифатено правило се сметало за своевиден ексцес. Притоа, самите млади кои непосредно биле заинтересирани за женењето или мажењето, при изборот на брачниот другар немале речиси никакво влијание така што на овој план тие биле во сосема подредена положба.

Во тој контекст зборувајќи за одлучувањето при изборот на брачниот другар во патријархалните средини, вклучувајќи ја и Македонија, Вера Ерлих напоменува дека во ваквите средини при изборот на брачниот другар одлучуваат речиси исклучиво родителите на младите, додека мислењето на младите во тој поглед е исклучено.[12]

Меѓутоа, во современите услови на живеење, дури и во руралните семејства, семејните односи и семејниот авторитет претрпеле крупни промени кои наполно се разликуваат од претходните состојби.

Во таа смисла, на прашањето: "Кој во Вашето семејство одлучува за мажењето или женењето", се добиени следните резултати:

---

[12] Види: Вера Ерлих, Оп. цит., стр. 146.

| | Бр | % |
|---|---|---|
| Мажот | 13 | 1,6 |
| Жената | 8 | 1,0 |
| Мажот и жената | 77 | 9,6 |
| Самите млади | 602 | 75,3 |
| Сите членови на сем. | 41 | 5,1 |
| Нема деца | 38 | 4,8 |
| Без одговор | 21 | 2,6 |
| Вкупно: | 800 | 100 |

Податоците од истражувањето покажуваат мошне интересни современи струења во семејниот живот кои довеле до разорување на старите патријархални односи и сфаќања како и до разорување на старата структура на семејниот авторитет. Во овој случај, податокот според кој само во незначителен број на случаи жената одлучува за стапувањето во брак на младите не треба да се посматра изолирано од глобалните тенденции затоа што така протолкуван тој не може да претставува никаков индикатор за согледување на положбата на жената во семејството. Имено, во патријархалното семејство, ова прашање (стапувањето во брак на младите) било во исклучива надлежност на родителите. Сегашните состојби, според кои за стапувањето во брак одлучуваат, пред сé, самите млади, претставува голем чекор напред кон сé поинтензивното осовременување на семејните односи, што воедно значи дека и положбата на жената во семејството на село ги следи истите тие прогресивни тенденции.

Положбата на жената во семејството може да се следи и преку одлучувањето во врска со работењето и разните други видови на помагање на децата во рамките на семејната група. Ако за компарација го земеме екстремно патријархалниот тип на семејство, односно екстремно патријархалните семејни односи, ќе констатираме дека таткото е тој кој има исклучиво право да одлучува и да ги одпределува работните задачи на децата. Во тој поглед, мислењето на жената воопшто не било земано во предвид. За дијаметрално спротивниот тип на семејни односи една од основните карактеристики е таа што при одлучувањето за домашните работи на децата рамноправно учествува и

жената, како и другите членови на семејството, вклучувајќи ги и самите млади.[13]

Податоците кои ќе ги наведеме, ќе ни овозможат да утврдиме кон кој тип на семејни односи се поблиски односите на денешното семејство на село во Република Македонија, односно какви промени настанале во семејниот авторитет, а со самото тоа и во положбата на жената во семејството.

Имено за работните задачи кои треба да им се дадат на децата во селските семејства одлучувале:

| | Бр | % |
|---|---|---|
| Мажот | 62 | 7,8 |
| Жената | 170 | 21,3 |
| Мажот и жената | 347 | 43,4 |
| Сите членови, други | 164 | 20,5 |
| Без одговор, нема деца | 57 | 7,1 |
| | 800 | 100 |

Од овие податоци јасно може да се согледа дека во современите прилики во однос на ова прашање настанале крупни промени. Очигледно е дека во македонското семејство на село, како што споменавме во повеќе наврати, сé повеќе се пробиваат современите семејни односи кои во голема мера придонесуваат за подобрување на положбата на жената. Во однос на ова прашање жената дури доминира над мажот, односно во поголемиот број на случаи токму жената ги определува работните задачи на децата што доволно зборува за нејзината променета положба, улога и место што го зазема во денешното семејство на село. Сепак, во најголемиот број на случаи мажот и жената рамноправно, заеднички одлучуваат за начинот и видот на работното ангажирање на децата во семејството. "Советувањето на мажот со жената ја покажува позитивната страна на распаѓањето на патријархалниот ред..."[14]

Положбата на жената во семејството на село ќе се обидеме да ја утврдиме и преку анализата на семејните односи

---

[13] Види поопширно: Наум Матилов, Ибидем.
[14] Види: Вера Ерлих, исто, стр. 231.

кои се однесуваат на нејзиното место и улога при одлучувањето за натамошното школување на децата.

Образованието на младите во современите услови на живеење е еден од најбитните фактори од кои непосредно зависи не само хоризонталната туку и вертикалната подвижност на населението, посебно на селското. Во традиционално затворените општествени средини севкупните знаења неопходни за вклучувањето во процесот на производството, поединецот ги стекнувал во рамките на семејството. Образованието надвор од семејството, во денешна смисла на зборот, било привилегија на поугледните семејства кои воедно, и во однос на материјалната положба се изделувале од останатите. Притоа, прашањата околу школувањето на децата биле во исклучива надлежност на таткото.

Иако и денес, според некои наши поранешни истражувања, во одредени типови на семејства, посебно во руралните средини, во незначителна мера сепак сé уште се присутни вакви состојби, сепак, за нив се зборува како за остаток од старите патријархални семејни односи. Тоа е потврдено и со резултатите од нашето истражување.

На поставеното прашање: "*Кој во Вашето семејство одлучува за натамошното школување на децата?*", општата дистрибуција на добиените одговори е следната:

| | Бр | % |
|---|---|---|
| Нема деца | 51 | 6,4 |
| Мажот | 29 | 3,6 |
| Жената | 10 | 1,3 |
| Мажот и жената | 198 | 24,8 |
| Самите млади | 406 | 50,8 |
| Сите членови | 97 | 12,1 |
| Без одговор | 9 | 1,1 |
| Вкупно: | 800 | 100 |

Прикажаните податоци откриваат големи промени во семејните односи во однос на ова прашање. Авторитетот на таткото континуирано опаѓа, така што тој веќе станува сé повеќе симболичен. Всушност, во конкретниов случај, симболичен е авторитетот и на жената. Меѓутоа, ако се има предвид, според при-

ложените податоци, дека станува збор за општи прогресивни промени во семејството во целина, тоа значи дека и положбата на жената во семејството е современа. Имено, кога станува збор за прашања кои се од витално значење и интерес за младата генерација, нивниот авторитет при одлучувањето за сопствената иднина и натамошна перспектива, назадржливо расте. Тоа значи дека во конкретниов случај, слично како и во претходно анализираните прашања, навлегувањето на новите демократски односи во семејството, односно нивната егализација во оваа значајна сфера на семејниот живот која понатаму има големо влијание на севкупната семејна структура и семеен живот се одвива со засилен интензитет. Притоа, ваквите промени се присутни кај сите типови на семејства, без разлика на нивната етничка припадност и сл. Во тие рамки треба да се посматраат и современите промени на положбата на жената во семејството на село во Република Македонија.

### 3.Семејниот систем на вредности и норми

Положбата на жената во семејството може да се утврди и преку анализата на семејниот вредносен систем, односно преку неговите промени. Вредносниот систем во семејството, иако на прв поглед има автономен карактер, сепак е под силно влијание на поширокото глобално општествено уредување. При извршувањето на одредени конкретни улоги во семејната група, поединецот всушност се придржува на вредностите и нормите кои, во поголема или помала мера, се општоприфатени во дадениот историски период и кои се негов производ. Променливиот карактер на семејните вредности и норми најдобро може да се согледа низ нивниот досегашен еволутивен развиток, кој во воопштена смисла се движел од патријархален вредносен систем, преку неговата "преодна" односно трансформирана форма до современ систем на вредности и норми, кој исто така е склон кон натамошни промени.[15]

---

[15] Види поопширно: Д-р Оливера Бурић-Ђуковић: Промене у породичном животу настале под утицајем женине запослености, Институт друштвених наука, Београд, 1968, стр.126-172, како и д-р Слободан Јакшић: Породица у систему вредности Југославије, Савремена администрација, Београд, 1978.

Меѓутоа, за да стане персонална општествената вредност, таа треба да биде прифатена од конкретните поединци. Тоа прифаќање во голема мера е детерминирано од карактерот на општествената средина.

Така, во услови на патријархални семејни средини, при доминација на авторитарни семејни односи, кај младите личности најчесто се создава хетерономен вредносен систем, односно се прифаќаат вредносните ставови и норми наметнати од друга авторитарна личност, при што самостојноста во определувањето на поединците не доаѓа до израз.

Од друга страна, кај преодните типови на семејства какво што е нашето, како и кај современите типови, каде што вредносните определби не се наметнуваат однадвор како готова работа која мора да биде прифатена, се создава автономен вредносен систем во кој доминира автономноста на поединецот. Во таа смисла семејството не треба да се сфати како обичен посредник помеѓу општеството и поединецот, затоа што тоа пренесувајќи ги општествените вредности и стандарди на своите членови води сметка и за предиспозициите на поединците поради што нив ги пренесува "алтернативно", притоа оставајќи ѝ широки можности на личноста за самостојно определување. Судирот помеѓу автономниот и хетерономниот вредносен систем што е често присутен кај родителите во семејствата во "преодниот" период, ако е заснован на принципиелна основа има позитивно влијание на младата генерација која по својата природа е склона кон автономниот тип на вредносен систем.[16]

Во истражувањето, промените во вредносниот систем ги утврдивме преку ставовите на анкетираните жени во руралните средини за одредени прашања кои се од посебно значење за семејниот живот. Тие воедно ни послужија и како индикатори за согледување на промените во положбата на жената во селските семејства.

Во тој контекст, од жените-испитанички во селските средини на Република Македонија беше побарано да се произнесат за тоа колку за нив лично при изборот на брачниот другар се важни степенот на образованието, националната припадност, богатството и вероисповедта на брачниот другар.

---

[16] Види поопширно: Д-р Зага Перић-Голубовић, Оп. цит., стр.197 и понатаму.

Значењето на образованието при избор на брачен другар

| | Бр | % |
|---|---|---|
| Не е важно | 228 | 28,5 |
| Малку е важно | 139 | 17,4 |
| Средно е важно | 144 | 18,0 |
| Многу е важно | 266 | 33,3 |
| Без одговор | 23 | 2,9 |
| Вкупно: | 800 | 100 |

Познато е дека во патријархалните средини браковите по правило се склучуваат помеѓу мажите и жените кои се припадници на иста класа, народност, слој, религија и сл. Во таа смисла, степенот на образование, националната припадност и други слични компоненти, биле од пресудно значење при склучувањето на бракот. Меѓутоа, наведените податоци покажуваат дека во современи услови склопувањето на брак сé повеќе преминува во лична работа на жената на село, што воедно значи и напуштање на стариот вредносен систем каде што помеѓу другото и образованието на брачниот другар беше многу значаен фактор при стапувањето во брак. Во конкретниов случај, само една третина од анкетираните жени образованието го сметаат за важен фактор при избор на брачен другар, додека останатите не го сметаат за одлучувачки фактор. Опаѓањето на значењето на образованието при склучувањето на брак покажува дека општествените разлики помеѓу половите стануваат почетен услов за отвореност на општествените слоеви и групи кон хетерогамија, што воедно претставува и голем чекор напред кон поголема еманципација на жената на село.[17]

Со други зборови, тоа значи дека основната вредност при склопувањето на бракот кај жената во современото семејство на село во Република Македонија, сé повеќе претставува заемната наклонетост и симпатиите меѓу партнерите, што во извесна смисла претпоставува осовременување и подобрување на положбата на жената во семејството како и напуштање на стариот

[17] Види: Ружа Петровић: Брак и друштвена стратификација, Социологија, бр.1-2, Београд, 1991, стр. 234.

патријархален вредносен систем и негово сé поголемо приближување кон современиот.

Треба да се напомене дека посебно големи отстапувања од оваа општа дистрибуција на одговорите (и тоа кај сите спомenати индикатори-образование, богатство, национална припадност, вероисповед) се среќаваат ако се земат предвид етничките карактеристики на семејствата. Поради тоа, во натамошното излагање добиените резултати од општите дистрибуции на сите овие индикатори ќе ги доведеме во врска со етничката припадност на семејството.

Така на пример, во поглед на важноста на образованието при изборот на брачниот другар, додека дури една третина (33,6%) од вкупно анкетираните жени Македонки изјавиле дека образованието на брачниот другар не е важно, овој процент кај анкетираните жени Албанки изнесува само 6,3%. Од друга страна, додека само 23,3% жени Македонки се изјасниле дека при изборот на брачниот другар образованието е многу важно, процентот на жените Албанки кои го дале истиот овој одговор е четворостуко повисок - 81,7%. Од овие одговори мошне илустративно може да се согледа расчекорот на македонското семејство помеѓу патријархалниот и современиот семеен вредносен систем, како и разликите во поглед на местото и улогата на жената во овие два различни семејни вредносни системи.

Значењето на богатството при изборот на брачниот другар:

| | Бр | % |
|---|---|---|
| Не е важно | 216 | 27,0 |
| Малку е важно | 116 | 14,5 |
| Средно е важно | 203 | 25,4 |
| Многу е важно | 254 | 31,8 |
| Без одговор | 11 | 1,4 |
| Вкупно: | 800 | 100 |

Овие податоци, слично како и претходните податоци за значењето на образованието, потврдуваат дека и богатството на брачниот партнер повеќе не претставува одлучувачки и најзначаен фактор при склучувањето на бракот. Имено, само

нешто помалку од една третина од испитаничките богатството на брачниот партнер го потенцираат како многу важен фактор за стапување во брак. Треба да се напомене дека тешката економска состојба на семејствата во Република Македонија, посебно во руралните средини е една од причините за ваквите одговори. Сепак, останатите две третини од анкетираната женска популација на село не му придаваат големо значење на богатството на брачниот партнер при стапувањето во брак. За нив многу позначајни се другите особини на брачниот другар кои не се во директна врска со неговото материјално богатство.

Меѓутоа, како што споменавме и претходно, ако ги земеме предвид одговорите што ги давале жените припаднички на двете најголеми етнички групи во Република Македонија, македонската и албанската, ќе утврдиме значајни диференцијации на одговорите во однос на ова прашање. Имено, богатството при стапувањето во брак не е важно кај 31,0% од вкупно анкетираните жени Македонки и само кај 4,9% од анкетираните жени Албанки, додека тоа е многу важно само кај 21,1% жени Македонки и дури кај 85,9% жени Албанки.

Овие показатели ја потврдуваат незавидната улога на жената Албанка во семејството, која поради општата тешка положба во семејната заедница во брак стапува речиси исклучиво од материјални причини. Еден од позначајните фактори кои придонесуват за одржување на ваквите состојби секако е и релативно ниското образовно ниво на жената Албанка, како и традиционалната затвореност на албанското семејство и негова изолираност од општествените влијанија. Во тој поглед, кај македонските семејства се среќаваме со далеку порадикално напуштање на погоре споменатите во основа традиционални сфаќања (во поглед на значењето на образованието и богатството при стапувањето во брак), што воедно значи и поголемо приближување кон современите вредности и норми, а со самото тоа и положбата на жената Македонка во семејството е значително поповолна.

Меѓутоа, ако резултатите од истражувањето покажуваат дека факторите "степен на образование" и "богатство" не се одлучувачки и најзначајни елементи при склучувањето на бракот, сепак, во истиот овој контекст, ако се земат предвид значењето на факторите "национална припадност" и "вероисповед", се

добиваат сосема поразлични сознанија. Имено, иако во нашето истражување станува збор за декларативни ставови на жените-испитанички од руралните средини, сепак големото значење што им се придава на етничката припадност, како и на вероисповедта при склучувањето на бракот, зборува дека во семејството во голема мера се задржани старите патријархални вредности, кои во краен случај, во помала или поголема мера, ја оневозможуваат поголемата трансформација на жената.

Ваквата состојба мошне уверливо ја потврдуваат и податоците од истражувањето :

Значењето на националната припадност при склучувањето на бракот:

| | Бр | % |
|---|---|---|
| Не е важно | 27 | 3,4 |
| Малку е важно | 43 | 5,4 |
| Средно е важно | 55 | 6,9 |
| Многу е важно | 662 | 82,8 |
| Без одговор | 13 | 1,6 |
| Вкупно: | 800 | 100 |

Значењето на вероисповедта при склучувањето на бракот:

| | Бр | % |
|---|---|---|
| Не е важно | 22 | 2,8 |
| Малку е важно | 25 | 3,1 |
| Средно е важно | 45 | 5,6 |
| Многу е важно | 698 | 87,3 |
| Без одговор | 10 | 1,3 |
| Вкупно: | 800 | 100 |

Наведените општи дистрибуции на одговорите покажуваат дека според мислењето на анкетираната женска популација

во селските средини на Македонија споменатите вредности (националната припадност и вероисповедта) имаат исклучително големо значење при стапувањето во брак, така што во тој контекст тие мораат да бидат земени предвид.

Сепак, ако овие одговори ги доведеме во врска со етничките карактеристики на семејствата, се наметнува констатацијата дека патријархалните рецидиви не се во подеднаква мера присутни, на пример, кај македонските и кај албанските семејства.

Имено, додека за жените Албанки националната припадност при склучувањето на бракот е многу важна во 96,5% случаи, кај жените Македонки таа е многу важна во 80,6% случаи. Ист е случајот и при утврдувањето на значењето на вероисповедта при изборот на брачниот другар. Така, буквално сите анкетирани жени Албанки (100,0) сметаат дека при стапувањето во брак вероисповедта на брачниот другар треба задолжително да биде земена предвид, додека таков став имаат значително помал процент од вкупниот број на анкетираните жени Македонки - 84,8%.

Веднаш да напоменеме дека разновидниот етнички состав на населението во Република Македонија овозможува, во зависност од општествената комуникација помеѓу етничките групи, во поголема или помала мера, склучување на етнички мешани бракови, кои од друга страна се важен индикатор за отвореноста, односно затвореноста на конкретната општествена средина, како и за положбата на жената во семејството. Во Република Македонија по Втората светска војна бројот на етнички мешаните бракови во вкупниот број на бракови константно изнесувал околу 10%[18] што значи дека во околу 90% случаи присутна е етничката хомогамија. Ваквата состојба на некој начин во практиката се смета за "нормална", посебно ако се има предвид дека при склучувањето на брак еден од вообичаените предуслови е и постоењето на одредена општествена блискост помеѓу мажот и жената.

И покрај констатираната диференцијација во однос на одговорите што ги давале на ова прашање анкетираната женска

---

[18] Види: Ружа Петровић:" Одлика брака у Југославији", во книгата: Домаћинство, породица и брак у Југославији, Институт за социолошка истраживања Филозофског факултета у Београду, Београд, 1987, стр.236.

популација од македонска и албанска национална припадност, сепак, емпирискиот материјал од нашето истражување потврдува дека глобалната состојба во однос на оваа проблематика е без поголеми промени. Речиси кај сите анкетирани жени, без разлика на нивната етничка и верска припадност, степен на образование, возраст, работен и семеен статус и др., доминираат сфаќањата според кои етничката припадност и вероисповедта се многу важни, а кај жените од албанската етничка припадност тие се дури и пресудни фактори при склучувањето на бракот. Со оглед на детерминираноста на семејниот вредносен систем од актуелните општествено-економски и политички прилики во пошироката општествена средина, ваквите декларативни ставови на испитаничките се очекувани и се одраз на постојната состојба. Воените дејствија во Република Македонија кои во суштина имаа етничка основа доведоа до заострување и до уште поголема изолираност во меѓуетничките односи што доведе до јакнење на национализмот. Сето тоа нужно имаше силно влијание и врз семејниот вредносен систем, во смисла на натамошно егзистирање и јакнење на елементите кои ја овозможуваат етничката хомогеност и затвореност, со што во секој случај се оневозможува позабрзаниот општествен просперитет во сите сфери. Ваквите влијанија посебно неповолно се одразуват врз положбата на жената во семејството, која, како што можевме да се увериме, покажува низа прогресивни тенденции и приближување кон современите семејни односи во повеќе сфери од семејниот живот.

# ЗАКЛУЧНИ РАЗГЛЕДУВАЊА

Македонското село во изминатите неколку децении помина низ процес на динамична транзиција.

Покрај позитивните промени, тоа има неколку негативни појави и процеси. Интензивната деаграризација и неконтролираниот рурален егзодус доведе до големо празнење на руралниот простор и посебно до девитализација на земјоделското население. Социјалната структура на селската популација во Република Македонија е променета и е редуцирана на неколку социјални категории. Во домаќинствата на село  доминираат лица со неземјоделски или со двојни занимања (земјоделец-работник).

Селското население се наоѓа на прагот на демографската старост.

Значајно е да се напомене дека женската работна сила во земјоделството е постара во споредба со машката работна сила. Со стареењето на женската работна сила, ослабува општото одржување на домаќинството, недоволно се обработува  земјата и се намалува сточниот фонд.

Жените на село  повеќе се застапени во групите на неписмени (75%), без образование (73%), со незавршено основно образование (57%), додека мажите се значително застапени во групите со средно (68%), со вишо и со високо образование (73%).

Отсуството на соодветната развојна политика на село, како што е процесот на изградба на инфраструктура  (комунални, социјални услуги), претставува голем негативен елемент на вкупната развојна политика во Република Македонија. Многу села денес се надвор од досегот на општествено-економскиот развој и нивниот социо-економски живот полека се гаси. Аргументите дека се намалува продуктивноста, се зголемува невработеноста, опаѓа личната потрошувачка, се проширува и  се продлабочува сиромаштијата, ги објаснуваат одговорите на жените кои состојбата на село  главно ја оценуваат како влошена (54%).

Како резултат на објективно и реално согледување на животните проблеми, за најзначаен фактор за актуелноста и тежината на проблемот на село се истакнува **"невработеноста".** Факт е дека голем број од селското население е недоволно вработено во земјоделството и е на работ на сиромаштијата и кога се зборува за рурален развој треба да се мисли на можностите за диверзификација на руралната економија, односно диверзификација на приходите на руралните домаќинства.

Постои цврста определеност дека најсериозен проблем во земјоделството претставува **"несигурниот пазар на земјоделските производи".**

Присуството на неорганизираноста и несигурноста на пласманот на земјоделските производи создава неизвесност во занимањето со земјоделското производство и претставува негативен елемент за вкупниот развој на руралните подрачја во Република Македонија.

Од презентираните податоци произлегува дека постои голема потреба од финансиска поддршка (кредити) за развој на земјоделското производство. Жената на село иднината ја гледа во **"живеењето на село и вработувањето"** (52,4%).

Меѓутоа, на селото му е потребен развој на инфраструктурата како предуслов за разигран економски и културен развој што ќе обезбеди повисок животен стандард на населението. Треба да се обрне посебно внимание на развојот на услужниот сектор и обезбедувањето на поволен амбиент за инвестирање од домашни и странски инвестиции за развој на малото стопанство.

Нашето истражување, како и досегашните истражувања од оваа област, потврдува дека општиот прогресивен општествено-економски развиток, помеѓу другото, доведува и до низа промени во сите сфери на семејниот живот, а во тие рамки и до одредени позитивни промени во поглед на положбата на жената во семејството. Како резултат на новонастанатите глобални општествени состојби поединците стекнуваат нови сознанија за бракот и семејството, како и за планирањето на семејството, што придонесува за формирање на нови современи ставови кои понатаму можат да имаат значајно влијание и за практичното репродуктивно однесување на жената од кое во голема мера зависи и нејзината улога и место во семејството. Ваквите

општествени влијанија врз планирањето на семејството имаат решавачка улога, односно претставуваат најзначаен индикатор за севкупната еманципација на жената, поради што во овие заклучни разгледувања ќе им посветиме релативно поголем простор.

Така на пример, истражувањата потврдуваат дека мошне е големо влијанието на разни вонинституционални општествени компоненти (економски, културни, социолошки и др.) врз ставовите на поединците во врска со планирањето на семејството. Имено, под влијание на спомenатите и други фактори, нашето истражување покажа дека најголемиот број  од испитаничките изјавиле дека во семејството треба да има најмногу до три деца, со што станува реална претпоставката дака жените-респонденти главно ги имаат согледано сегашниве тешки економски услови со кои е соочено денешново семејство, како и општеството во Целина, така што се на мислење дека зголемениот наталитет води кон влошување на ваквата состојба. Ваквите ставови уште повеќе добиваат во својата валидност ако се има предвид дека со истражувањето беше опфатена исклучиво женската селска популација, така што со право се наметнува констатацијата дека старите традиционални сфаќања во поглед на планирањето на семејството во голема мера се надминати.

Еден од основните детерминатори за прогресивните промени во оваа сфера, како што споменавме претходно, секако претставува изменетата општа положба на жената во современото семејство. Во тој контекст посебно значајни се промените во нејзиното репродуктивно однесување кои неминовно доведуваат до забрзано распаѓање на патријархалното семејство. Меѓутоа, оваа општа тенденција не се одвива со ист интензитет кај семејствата со различна етничка припадност што во секој случај придонесува процесот на планирање на семејството во Република Македонија во споредба со другите општествено-економски поразвиени земји да биде во просек послабо изразен. Имено, податоците од нашето истражување покажуваат дека кај албанските семејства наклонетоста кон повисок наталитет е значително поизразена во споредба со македонските семејства. Имено, значително повисок е процентот на жените Албанки во компарација со жените Македонки, кои изјавиле дака во бракот посакуваат по четири, пет и повеќе деца. Се чини дека основна-

та причина за ваквата состојба треба да се бара во високиот процент на неписмено женско албанско население, кое според официјалните статистички податоци е двојно поголем во споредба со неписмените жени Македонки. Влијанието на неписменоста на женското население врз биолошката репродукција, а со самото тоа и врз положбата на жената во семејството, е повеќестрано. Пред сé, неписмените жени во далеку поголем процент не ги прифаќаат иницијативите за планирање на семејството во споредба со писмените, поотпорни се на влијанијата кои доаѓаат од општествената средина, а освен тоа во голема мера се подложни на конзервативните влијанија на традицијата и религијата како и на разни други етнички предрасуди.

Иако, како што можеше да се согледа од досегашното излагање, влијанието на општеството е присутно и во патријархалното семејство, сепак во новонастанатата ситуација проблемите со кои се соочува семејството се од таква природа што за нивно успешно и адекватно решавање е неопходна далеку поинтензивна комуникација на семејството со пошироката општествена заедница. Тоа, во секој случај, истовремено ќе доведе и до поголема еманципација на жената, како и до подобрување на нејзината положба во семејството.

Што се однесува до семејните односи, кои исто така претставуваат значаен индикатор кои ја детерминираат положбата на жената во семејството, истражувањето покажа дека и покрај тоа што сé уште, иако во значително помала мера, ја задржал доминантната положба во семејството, што може да се согледа од анализата на прашањето во врска со поделбата на домашните обврски, кои во повеќе од половината случаи паѓаат на товар на жената, сепак добиените емпириски податоци исто така покажуваат дека авторитетот на мажот во современото семејство во Република Македонија не само што е загрозен, туку по однос на одделни прашања сосема ја изгубил поранешната улога и значење. Така, при анализата на прашањата во врска со донесувањето на поважни одлуки во семејството, како и на другите прашања, можевме да констатираме дека авторитетот на мажот се наоѓа во процес на перманентно опаѓање, додека во исто време во пораст е синкратскиот тип на авторитет, според кој мажот и жената рамноправно учествуваат во донесувањето на разни одлуки во семејството. Посебно интензивни

промени во семејните односи среќаваме во односите помеѓу генерациите, односно во односите помеѓу родителите и децата. Овие промени посебно доаѓаат до израз при разгледување на прашањата кои директно се однесуваат на младите и за кои тие се посебно заинтересирани. Иако при донесувањето на поважните одлуки во семејството се уште е присутен авторитетот на родителите, спрема презентираните податоци тој покажува тенденција на опаѓање со што постепено исчезнува и неговото поранешно значење. Од друга страна, при донесувањето на сите поважни одлуки во семејството кои се однесуваат на младите, сé повеќе се почитува и мислењето на самите млади, така што е евидентен сé побрзиот пораст на нивниот авторитет. Сите овие сознанија упатуваат на констатацијата дека при разгледувањето на семејните односи во Република Македонија евидентна е присутноста на старите и на новите елементи, при што разрешувањето на нивната спротивставеност неминовно води кон модернизација на семејните односи. Од своја страна, ваквите тенденции нужно водат и кон модернизација на положбата на жената во семејството.

Промените што ги предизвикаа процесите на индустријализација и урбанизација во глобалниот општествен систем ја зафатија и вредносно-нормативната сфера на семејниот живот, која исто така претставува значаен индикатор за положбата на жената во семејството. Овие процеси во семејството, слично како и во претходно анализираните сфери доведуваат до судир помеѓу старите и новите сфаќања, што од своја страна доведува до сé поголемо напуштање на традиционалните семејни вредности и норми, како и до прифаќање на современо ориентираните семејни вредности. Притоа овие промени треба да се сфатат само како прв чекор кон современото семејство и современите семејни односи, затоа што, барем засега, во нашиот општествен систем сé уште не се созреани сите предуслови за прифаќање на новиот семеен вредносен систем.

Во овие рамки треба да се посматра и степенот на еманципираност на жената на село во Република Македонија. Нејзината положба во семејството, иако сé уште е оптоварена со низа патријархални предрасуди, сепак, во глобални рамки, незапирливо се движи кон местото и улогата што ги има жената карактеристични за современото семејство.

# Литература


1. Бубевски, Душан и други. "Стратегија, политика и управување со развојот на руралнтие средини во Република Македонија." Институт за социолошки и политичко-правни истражувања. Скопје: 1998, стр.160.

2. Бурић-Чуковић, Оливера. "Промене у породичном животу настале под утицајем женине запослености." Институт за друштвене науке. Београд:1968.

3. Бурић, Оливера. "Утицај запослености жене на породицу." Социологија, 2. 1992.

4. Димковић,Ј.Борислав. "Друштвени положај сеоске жене." Соиципологија села, 63-6. Загреб: 1979.

5. Фирст, Ружа. "Жена у руралном и аграрном развоју у Југославији." Рурална социологија, 63-64. Загреб: 1979.

6. Фирст - Дилић, Ружа. "Учешће женских чланови у одлучивању у савременој сеоској породици." Социјални преглед, 4/1.Беогрд: 1980.

7. Јакимовски, Јорде. "Задругарството во Република Македонија." Хелветика. Скопје: 1995. стр.192

8. Јакимовски, Јорде; Бубевски Душан и Матилов Наум "Влијанието на индустријализацијата врз социјалните процеси и промени на селото во Република Македонија." Институт за социлошки и политичкпо-правни истражувања. Скопје: 1995.стр.181.

9. Јакимовски, Јорде. "Детерминати на демографска деаграризација во Република Македонија." Зборник, Македонска академија на науките и уметностите. Скопје: 1985.

10. Јакимовски, Јорде.  "Социо-економске промене у структури индивидуалних  газдинстава и утицаја на пољопривредни развој у Македонији" . Зборник, Удружење агроекономиста Југославији.Београд: 1988

11. Јакимовски, Јорде. "Актуелни проблеми и перспективи на село во Република Македонија." Годишник на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувањ, Скопје: 1993.

12. Јакимовски, Јорде."Состојбите и перспективите во политиката и управувањето на руралните средини." Годишник на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје: 1994.

13. Јакимовски, Јорде."Општествената положба на жената на село." Зборник, Положбата на жената во современите општествени текови. Скопје: 1994.

14. Јакимовски, Јорде.  "Некои  аспекти на политиката на развој на руралните средини." Зборник на Земјоделски факултет. Скопје: 1997.

15. Јакимовски,Јорде. "СЬстоЯние и перспективи на дребните ферми во Република МакедониЯ." Проблеми и перспективи на БЬлгарското земеделие на прага на XXI век, СофиЯ: 1998.

16. Јакимовски, Јорде. "Интелегенција и професионална покретљивост на селу." IV међународни научни скуп ,,Власински сусрети 98 -Интелегенција и село", Власинско језеро: 1998

17. Јакимовски, Јорде. "Состојби и перспективи на село во Република Македонија." БЬлгарско село и предизвикателството на новиЯ век, СофиЯ: 1998.

18. Јакимовски, Јорде,  "Economic and Social Foundations of Rural Development in the Republic of Macedonia." , The Bulgariau Village and Late Modernity, Софиа: 1998.

19. Јакимовски, Јорде. "Социоекономската основа на аграрен и рурален развој."  Зборник, Развој на агрокомплексот во новите општествено-економски услови. Здружение на агроекономистите на Република Македонија. Скопје: 1999.

20. Јакимовски, Јорде: "Улогата и значењето на задругите и здруженијата во развојот на агрокомплексот." Зборник, Облици на здружување на земјоделците за побрз развој на агрокомплексот. Здружение на агроекономистите на Република Макеоднија. Скопје: 2000.

21. Јовановиħ, Амалија. "Брачна покретљивост пољопривредница у СР Македонији." Соиципологија села, 63-64. Загреб: 1979.

22. Матилов, Наум. "Некои промени во семејните односи и семејниот живот на село во Македонија" Годишник на Институтот за социолошкки и политичко-правни истражувања.Скопје: 1992.

23. Миховиловиħ, Миро. "Жена између рада и породице." Институт за друштвена истражувања. Загреб: 1975

24. Младеновиħ, Марко. "Социјална политика и породица." Савремена администрација, Београд: 1980.

25. Ваднал, Катја. "Неки аспекти на феминизације на словеначке иноконсне пољопривреде"Социологија села, 63-64,Загреб: 1979.